СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од третото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 август 1993 година

Скопје, август 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА III-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 66-ТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 4.08.1993 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН - стр.36, 17
2. АРСОВ ДРАГИ - 4, 8, 18, 23
3. АБДУРАХМАН АЛИТИ - 23
4. АРСОВСКИ БРАНКО - 34
5. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 42
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 79, 31, 32, 87, 90
7. ГОШЕВ ТУШЕ - 6, 22, 27, 32, 41, 49, 53, 59, 62, 66, 71, 98
8. ГЕОРГИВЕСКИ ЉУПЧО - 63, 69, 72, 94, 96, 99
9. ДИМОВСКА ДОСТА - 52, 54
10. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 49
11. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ – 36
12. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 104, 105
13. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 39, 86, 87, 90, 92
14. МИЦЕВОКИ ТРАЈАН - 12, 22, 33, 40, 77, 78
15. МАНЕВ ЕФТИМ - 12
16. ПОПОВСКИ ЉУПЧО-87
17. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 82, 106, 107
18. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 75, 84, 101
19. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 67, 68
20. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 26, 27, 28, 35, 42, 73, 77, 82, 93
21. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 13, 36, 49, 55, 58, 57, 60, 88, 89, 91, 92
22. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 7, 24, 29, 38
23. СИЛЈАНОВСКА ГОРДАНА - 10, 20 (Влада)
24. СПИРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 74
25. ФЛОРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 30, 42, 61
26. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 32, 38
27. ЦРВЕНКОВСКИ-БРАНКО - 102
28. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 102


седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4.08.1993 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците 'Ристо > Стаменов ,Ферид. Садику, Иван Иванов и Тиме^Андонов известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Пратеникот Агим Фазлиу поднесе амандман на член 30 став 3, пратеникот Исмет Рамадани поднесе амандман на член 30 став 3, пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски, поднесоа амандман на член 4 за додавање нов став 4; за додавање нов член 7-а; за додавање нов член 7-6? за менување на член 8 за додавање нов член 8-а; за менување на член 9; за менување на член 10; за менување на член 11; за додавање нов член 11-а; за додавање нов член 18-а; за менување на член 23; за менување на член 25; за менување на став 2 на член 26; и на член 30 став 2, а пратеникот Симеон Ивановски поднесе амандман на член 4 за бришење на ставот 3 со кои Владата не се согласи.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 1; на член 7 за бришење на став 1 и на став 4; на член 8 став 4; на член 12; на член 17 став 2; на член 22; на член 25; на член 26 за бришење на став 2; на член 28; на член 36 во новиот член 65-в; на член 39 став 1; на член 44, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 7 за бришење на ставот 1,член 12 на глава 6 и за менување на членовите 32 и 33 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот

Пратеникот Никола Крстевски поднесе амандман на член 3, за додавање на нов став и за менување на член 4, а пратеникот Иван Иванов поднесе амандмани на член 2, став 1 и 2; на член 4 став 3; член 5, член 7, за додавање нов член 7-а; со кој претставникот на Владата не се согласил.

Група пратеници на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, поднесоа амандмани на член 3 за додавање нов став 3; член 9 став 1; за бришење на точка 4, став 2 за додавање нова точка 5; член 10 став 1; за бришеше на точка 4; став 2 за додавање нова точка 5; член 13, став 3; и за бришење на член 36.

Пратеникот Авди Муртезани поднесе амандмани на член 36 во новиот член 65-а; став 1 и на член 36, во новиот член 65-6; став 3. Група пратеници на пратеничката група на ПДП поднесоа амандман на член 36, во новиот член 65-а став 1; пратениците Кирил Ковачевски и Душан Трпчевски, поднесоа амандмани на член 23; а пратеникот Драги Арсов, поднесе амандман за додавање на нов член 19-а со кој претставникот на Владата не се согласил.

Пратеникот Михаил Пановски, поднесе амандман за бришење на член 36.

Пратениците Доста Димовска и Ефтим Манев, поднесоа амандмани за додавање нов член 7-а и на член 8, став 1.

Пратениците Билјана Лазаревска, Михаил Пановски и Гулистана Марковска поднесоа амандмани за додавање нов член 29-а.

Пратеникот Гулистана Марковска, поднесе амандман на член 22 а пратеникот Драги Арсов, поднесе амандман на член 1, став 1; по кој Владата не се произнела.

Ве молам, да направиме една кратка пауза, да причекаме да дојде претставник од Владата заради тоа што веќе треба да минеме на претрес по амандманите.

Молам, службите под итно да ги повикаат претставниците на Владата.

(Пауза од 12,10 до 12,15 часот).

Можеме да продолжиме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор.

Збор побара господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со овој амандман во членот 1, ставот 1 се предлага зборовите: "за избор и отповикуваше на". да се бришат. Според тоа називот на овој закон треба да гласи Закон за избор на пратеници и одборници.

Во прилог на образложението сакам да ве потсетам дека а со овој амандман се отвора едно значајно системско прашање на Законот што овде се предлага, а за кое прашање ние треба овде нај- отворено да проговориме затоа што тоа прашање е сврзано со целокупната концепција на Законот.

Имено, дали Владата на Република Македонија и предлагачот, навистина овде не го гледам членот на Владата и министерот госпоѓа Гордана Силјановска, затоа што овие забелешки се однесуваат токму на тој ресор што таа го покрива, а тоа е локалната самоуправа, затоа нејзиното присуство и нејзиното мислење е од значење, бидејќи со овој закон навистина треба да одговориме на прашањето дали се определуваме за нешто нови и дали тие новини во принцип ние доследно ги прифаќаме, ги почитуваме и ги респектираме.

Или пак, ни се нуди нешто старо за ново, како што се прави со овој стар закон за отповикување на одборници и пратеници, со чии измени и дополнувања и со одделни промени на називот кои што овде од страна на предлагачот имаа само козметичко значење а не суштинско, фактички не се менува неговата основа утврдена според Уставот на СРМ од 1974 година.

Имено, ако според Уставот на Република Македонија начелно и принципиелно сме расчистиле со самоуправниот систем и сме се опре делиле за промена со прифаќањето на системот на претставничката демократија, тогаш тие начела и принципи ние мораме доследно да ги

почитуваме. Не само во однос на изборот на пратеници на Собранието на РМ, туку и на сите нивоа.

Според тоа, ваквите начела и принципи ние мораме да;ги почитуваме и во однос на локалната самоуправа каде се прифаќа системот на претставничката демократија, таму исто ние бираме претставници и каде се напушта комуналниот систем односно досегашниот систем чии основи почиваа врз самоуправниот систем.

Според оваа промена принципите на претставничкиот систем поддеднакво се однесува и за изборот на одборници со цел во услови на постоење повеќе партии преку партиските кандидати за одборници, преку собранијата на локалната самоуправа за да дојде преку тие собранија, преку тие тела да дојде до израз слободно изразената политичка волја на избирачите според правата и слободите што ги гарантира повеќепартискиот систем.

Според тоа, одборниците повеќе не можат да имаат императивен образувачки мандат, туку претставнички или слободен мандат кој претставува уставен правен темел на целокупниот систем на претставничката демократија односно на претставничкото владеење.

Правната природа на овој претставнички мандат се изведува од теоријата за неделивост на народниот суверенитет. Според тоа, избраниот одборник е носител на колективниот мандат кој го добил со изборот. Тој во претставничкото тело го застапува целиот народ а не само бирачите што го избрале во изборната единица. Затоа не може да биде отповикуван ниту пак одговорен пред бирачите што го избрале затоа што тој не добил императивен образувачки мандат како што имаат делегатите во досегашниот систем, односно во комуналниот систем за кој што ние рековме дека го напуштаме и дека ќе бидеме доследни на

тие принципи затоа што се определивме за овој претставнички односно се определивме за слободниот мандат.

Во Уставот, исто така не е утврдено и тоа дека може да биде отповикан бидејќи тоа е спротивно со уставниот концепт на претставничката демократија.

Од тие причини предлагам овој амандман да биде прифатен и со тоа мислам дека ние ќе ја расчистиме дилемата што овде постои по однос на ова системско прашање што е .од значење за целокупниот концепт на овој закон, затоа што ако со ова начелно прашаше се рас- чисти тогаш ќе уследат и други промени во текстот на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор побара господинот Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, прво, Уставот прави разлика помеѓу пратеник во единицата на локална самоуправа каде кажува во членот 115 "непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење". Сакам да кажам дека во Уставот, во членот 62, ставот 4 стриктно во Уставот императивно предвидел дека пратеникот не може да биде отповикан.

Што се однесува до прифаќањето дека одборникот треба да биде отповикан, не е никаква повреда на Уставот, ниту на парламентарната демократија. Дури да кажам и тоа дека во Законот за локалната самоуправа се определивме одборникот да биде отповикан.

Бидејќи, согласно на членот 114 и 115 сеуште го немаме донесено Законот за локалната самоуправа, ние прејудицираме во таа насока кога тврдиме дека локалната самоуправа ја имаме конституирано и во ваква состојба во која сега се наоѓаме, мислиме дека решението за

отповикување на одборник е оптимално и треба да стои.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Даме и господа, ќе зборувам за тоа дали навистина ќе треба да се држиме догмадски за она што е пропишано, за еден право за друг обврска, од една страна, а друго дали во локалната самоуправа ќе создадеме поинакво претствување од собранискиот дом.

Кога говорам дека пратениците не се отповикуваат, тоа е уставна одредба и е оставено за претставување во општините да се одлучи со Законот за локалната управа.

По кажувањето на господинот министер постоел предлог на закон во кој се предвидувало дека одборниците ќе бидат отповикувани. Во ред е така да се регулира ако Законот е веќе донесен. Меѓутоа, затоа што една политичка групација или поточно речено Владата изготвила еден предлог на закон кој допрва треба да дојде во процедура пред ова Собрание, ние ќе треба да се обврзуваме и да имаме одлука и решение врз основа на недонесен закон, закон кој е во процедура и кој треба денеска или утре или задутре, зависно кога ќе завршат расправите, расправањето во овој парламент, овој закон да се донесе.

Што сметам во што е нерамноправноста? Ако, кога работеше Уставната комисија за изработка на текстот па да му го предложи на Собранието како уставно решение, причините за неотповикување на пратеникот беа кои? во повеќепартискиот систем ако еден пратеник, сега ќе говорам, ако еден одборник од другиот од другата политичка групација или политичка партија добил со еден глас, дали ние кога имаме решение да не се отповикуваат пратениците ќе дозволиме секој месец во

општините вршиме нови избори затоа што денеска оваа групација вака предложила па ги изгубила изборите, ќе задолжи општината да врши нови избори.

Поради воедначеност, поради создавање една политичка култура околу изборност на претставниците во кои сме и ние пратениците, ќе треба да имаме еден континуитет, една еднаквост и да стои дека сите се избираат по ист принцип. Правото во претставништвото да биде исто. А, во што е ограничувањето, едни имаат право на територија на РМ како држава, додека одборниците за локалната единица односно за општината. Значи, има простор на кој ќе го имаат овој мандат. Меѓутоа, правото треба да биде за сите еднакво.

Затоа, предлагам колеги пратеници овој амандман да се прифати поради воедначеност и поради сигурност во правото на избирачите и во првото на лицата што се бираат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Арсов

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, не сум задоволен од одговорот на министерот Туше Гошев, затоа што тој не го даде правиот одговор.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, не сум задоволен од одговорот на министерот Туше Гошев, затоа што тој не го даде правиот одговор. Дали ние со Уставот на Република Македонија во принцип сме доследни на нашето определување на претставничкиот систем што е зацртан со овој Устав и дали ние доследно тој ќе го применуваме на сите нивоа? На тоа прашање ние мораме да одговориме. Ние не можеме да зборуваме за законот за локална самоуправа кога во Уставот локалната самоуправа сме ја дефинирале врз принципите на претставничката демократија кога со тоа системско прашање ние сме расчистиле. Дилемата сега станува многу за сите нас збунувачка затоа што ние овде мораме да расчистиме за две концепции: дали во локалната самоуправа ќе го почитуваме принципот на претставничката демократија и ќе го напуштиме стариот принцип на комуналниот систем за кој знаеме дека основите на тој комунален систем се сврзани со стариот комунистички закон, односно Устав на Република Македонија од 1974 година. Ако не го напуштаме комунадниот систем, тогаш ние можеме да зборуваме за императивен мандат, односно за обврзувачки мандат, за мандат кој што зависи од делегатската база, односно тоа не враќа на стариот комунален систем, делегатска база, делегат, Собрание. Ако ние во принцип го напуштаме тој стар комунален систем, тогаш ние мораме согласно со новиот Устав на Република Македонија и во локалната само- управа принципиелно и доследно да го почитуваме претставничкиот систем и ние овде не можеме да зборуваме за императивен мандат, туку мораме да зборуваме за претставничкиот мандат, односно за слободниот мандат кој не е обврзувачки. И според тоа ако ние разговараме за таков вид на мандат кој што треба да го имаат одборниците, ние мораме да ја извршиме и оваа промена во законот, односно да го прифатиме овој амандман со кој од законот ќе се ослободиме од правото за

отповикување на одборниците како што е тоа случај и со правото што го имаат пратениците во Собранието на Република Македонија. Точно е тоа дека во Уставот член 62 стои дека пратеникот не може да биде отповикан, но јас не можам да го прифатам образложението на Владата што го дава во овој закон дека бидејќи таму не се спомнува одборникот, па одборникот може да биде отповикан. Ќе ве потсетам, во Уставот никаде не стои дека може да биде отповикан одборникот, затоа што тие го изведуваат тој заклучок, односно предлагачот тој заклучок го изведува од една сосема друга концепција, односно концепцијата на комуналниот систем кој што ниту е уставен и кој што ние веќе начелно се определивме дека го напуштаме. Според тоа, за мене е неприфатливо. повикувањето на Уставот и со тоа ние да го оправдаме отповикувањето на одборникот. Тоа е едно, затоа што во Уставот никаде не стои дека може да биде отповикан и понатаму исто во Уставот стои во главата Локална самоуправа каде што се определуваат уставните одредби во духот на претставничката демократија и се зборува дека во единицата на локалната самоуправа граѓаните учествуваат преку претставници, а не преку делегати, преку делегатска база. Претставниците се синоним на претставничката демократија. Тоа е член 115. Според тоа неприфатливо е ние да зборуваме за друг вид на претставници. Тие се претставници на претставничката демократија кои при изборот го добиваат како што реков претставничкиот, односно слободниот мандат како темел на целокупниот претставнички систем, од- носно на претставничкото владеење.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Работа на овој Парламент е да одлучи дали ќе има отповик за одборниците, или не. Јас само можам да кажам дека во светот има системи во кои нема комунален систем, на пример САД или Швајцарија

каде што институтот отповик постои и тоа не само на локално ниво, туку дури и до кантонално ниво. Тоа е таканаречениот институт на Рикол. А реков ваше е да одлучите дали ќе има отповик, или не, иако повеќе системи парламентарни навистина и за одборниците, односно за локалните претставници не го познаваат овој институт. Меѓутоа, асоцијациите и алузиите на комунален систем воопшто не се во ред. Ако го погледнете членот 115 кој што се однесува на локалната самоуправа таму се вели дека во единиците на локалната самоуправа граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето. Акцентот е значи на непосредноста. Додека кај претставниците, односно кај пратениците напротив акцентот е на претставништвото и таму се вели дека претставниците ги претставуваат граѓаните. Да заклучам, овој Парламент ќе одлучи дали ќе има отповик, или не. Отповик може да има, може и да нема. Идејата на изработувачите на текстот на законот за локалната самоуправа беше следната. Во текот на јавната расправа колку што мене ми е познато повеќето од граѓаните беа за задржување на овој институт, а образложението беше следново, дека во услови на политичка култура, односно некултура и немање демократски традиции и немање инструменти кои го прават одговорен одборникот, односно пратеникот може да се задржи овој институт. Велам во светот има системи кои се системи на парламентарна демократија, веќе ги споменав швајцарскиот и на САД каде што отповик постои, меѓутоа не постои ниту комунален систем, ниту делегатски систем. Според тоа, идејата беше непосредноста да дојде до израз и бидејќи демократијата најлесно се вежба во локалната самоуправа та- му да им се даде можност на граѓаните, бидејќи ние запишавме дека одборникот ги претставува граѓаните од изборната единица да имаат можност да го контролираат истиот. Така што делегатски систем овде нема.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас нема да зборувам за членови од Устав или закон, ќе зборувам од една народна логика според тоа што ги доведуваме претставниците во локалната самоуправа во една нерамноправна положба со претставниците на Републиката, со тоа што сметам дека иста функција вршат на ниво на локалната самоуправа во општината. Според тоа, треба да имаат ист третман како и пратениците, затоа што со воведување на овој закон ние ги ускратуваме нивните права да можат слободно да се искажуваат во своето мислење, затоа што секогаш ќе стои она страхопочитувањето и ако сака нешто да каже ќе рече: овие утре ќе ме отповикаат и ќе бидам земена одговорност и ќе си продолжува она истото и ние никогаш не можеме да се ослободиме од онаа стега, од онаа канџа што досега уште се спроведува да воведеме еднаш демократија. Претставниците не треба да се определуваат некои со поголеми права, а некои со помали права. Се разбира иста функција вршат и одборниците само на ниво на општината. Според тоа јас сметам дека со овој закон ќе нанесеме голема неправда на тие претставници во локалната самоуправа и не ќе можат да се застапуваат решенијата онака како што ги замислуваат нивните претставници на општината. Сметам дека овој амандман мора да го прифатиме за да не направиме едно шаренило во правата на претставниците во Републиката и правата на претставниците во општинските собранија.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, го респектирам размислувањето на предлагачот на законот по однос на делот каде што дадоа образложение од кои причини го предлагаат отповикувањето и дека е право на Парламентот да одлучи дали ќе има отповикување, или не и го остава

тоа право да го реши Парламентот, сепак во овој момент на правната регулатива која што постои во Република Македонија отповикувањето не може да се регулира во законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, затоа што ова е материјално право и тоа неминовно е неговото решение да дојде во законот за локалната самоуправа. Веќе со неколку дискусии ние се впуштивме како ќе биде решена организационата поставеност на локалната самоуправа и дискутираме според законот. Најправедно би било ако Владата го прифати амандманот. Доколку при расправањето на законот за локална самоуправа се прифати отповикување, тогаш тоа може да се догради. Инаку во овој случај мене ми се чини дека не може, нема таква правна основа. Ако во Уставот зборува дека пратеникот е неотповиклив, никаде не зборува во ниту еден закон, односно тоа треба да се каже само во Законот за локална самоуправа. Бидејќи таков закон нема и отповикување нема и на одборниците. Таков статус не може. Овој закон решава институт за избори, а ова е постапка. Не може во постапка ние да го регулираме отповикувањето- Затоа ми се чини дека амандманот е сосема коректен и прифатлив во овој временски период на нашата првна регулатива и треба да се прифати.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, исто и за мене амандманот е наполно прифатлив. Меѓутоа, сакам да изнесам дел од причините зошто е прифатлив. Јас го ценам размислувањето на предлагачот на законот да примени некои одредби од демократските држави каде што се вели дека во некои демократски држави имаме отповикување и на локално ниво итн. Меѓутоа, во тие исти демократски држави мора да се потсетиме дека ако некој претставник избран од граѓаните на некој начин не ги застапува

интересите на граѓаните, или ја злоупотребил довербата што му ја укажале, има една институција таканаречена оставка и таа во тие демократски земји се применува, затоа што не е лесно некој политичар да биде нападнат во средствата за јавно информираше за докажани незаконски дејствија и тој автоматски си поднесува оставка. Меѓутоа, кај нас имаме едно размислување, еве да го земеме пример Велес, имаме едно размислување дека одредени центри на моќ во тие градови да речеме сакаат да имаат континуитет од владеење. И затоа, се предлага да речеме, така јас размислувам дека отповикувањето на одборниците се предлага и од тој, еден од условите е и тоа да се имаат под контрола одборниците за да одредени центри на моќ и понатаму - продолжат_да^.управуваат со тие во локалната самоуправа, да го имаат оној што се вели краен збор. Примерот на Велес што го спомнав, таму имаме една чиста, употребен е еден чист демократски механизам каде од 50 одборници се собираат 26, значи го има она неопходно мнозинство и го разрешуваат претседателот на Собранието. Владеачката партија дотогаш владеачката партија во тој град во Велес вели дека сето тоа не е демократски чин. Ќе ве за- молам, демократски чин е мнозинството, од 50, 26 е демократски чин. Сега на кој начин, зошто да има отповикување на одборници? Јас велам неприфатливо е во претставничкиот мандат, во претставничката демократија во мнозинскиот изборен систем, без разлика што само во него може да има отповикување, инаку во овој другиот се знае дека не може да има отповикување во пропорционалниот, меѓутоа неприфатливо е да тие претставници на народот избрани на избори со име и презиме некој цело време така да наречам да им виси еден демаклов меч над главата ако не бидете дисциплинирани на одредени моќници во тие градови, или места бидете сигурни дека ќе ви организираме да ве отповикаме. Такви случаи имаме многу, имаме случаи и  со претрење за отповикување на пратеници,се

сеќаваме кога влеговме во ова Собрание итн. Меѓутоа мислам дека аналогијата од одредбата во Уставот дека пратениците во Собранието на Република Македонија не можат да бидат отповикани треба да се примени, да имаме еден континуитет во целиот тој претставнички систем од локално ниво, град Скопје и до државата Република Македонија да имаме еден континуитет дека претставниците не можат да се отповикуваат и од следнава причина. На изборите по мнозинскиот изборен модел излегуваат граѓаните по свое убедување, гласаат по свое убедување за политички определени кандидати со име и презиме. Што ќе се случи ако по разно организирање да речеме на некој начин излегле 30%, гласале 20% од тие, нормално изборите се валидни, меѓутоа после на некого му текнало, на некој начин им ветил на тие граѓани во таа изборна единица каде што е избран одборникот, му текнало, им ветил"ќе ви направиме водовод",сега* да речеме многу се актуелни водоводите, за да направи некоја политичка манипулација им вели "ние ќе ви направиме водовод, само гласајте да го отповикаме одборникот. Мислам дека претставничкиот, или оној слободен мандат кога е добиен еднаш е добиен се до траењето на мандатот. Тоа прашање може да се реши, ако на некого не му се допаѓа и на самите граѓани ако не им се допаѓаат повеќето одборници, со предвремени избори, по барање на граѓаните може да биде, политичките партии итн. На тој начин исто така може да се реши. Значи со предвремени избори, еве, затоа што ние како Собрание еве сега на некој начин сме во подготовка на тие предвремени избори, значи не им се допаѓаме на граѓаните, или дел од нас не им се допаѓаат, Република Македонија се наоѓа во една таква ситуација, состојба,треба да го промени името итн., немате 81 глас за промена на Уставот и сега ќе одиме на нови избори. Тоа е решението. Така би требало да биде

решението и за органите на локалната самоуправа. Јас овде слушнав дека се повикуваат претставниците на Владата, на предлагачот на законот за локална самоуправа. Ние мора да кажеме на јавноста, јавно да и кажеме дека тој закон навистина сега е дојден во таа последна фаза како Предлог на закон, меѓутоа сеуште не е ставен на дневен ред. Цело време од година дена и нешто се протежира една мисла дека еве, пратениците односно Парламентот е тој што не сака да го донесе законот за локална самоуправа, а тој ист закон не се става на дневен ред на ова Собрание. Сега чија е кривицата? Дали на Парламентот, или на Владата Парламентот е тој што е, односот на силите се тие. Тој закон требаше да биде поставен одамна на дневен ред каде што на некој начин ќе се регулира и изборот на одборници итн., тогаш ќе се определевме како политички определени претставници на народот, ќе се определевме со амандманско реагирање итн. дали ќе го донесеме тој закон, или •не, а вака да се импутира дека Парламентот е тој што не сака да се донесе тој закон, мислам дека не држи и точно зборувам по амандманот без разлика што од господата од СДС како многу културни реагираат од место, меѓутоа точно во тој контекст е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сите пратеници кога се на говорницата да си зборуваат на целото Собрание, да не обрнуваат внимание на упаѓања, а пратениците ги молам да не упаѓаат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитувани пратеници читајќи го амандманот, јас немам јасна претстава каде е сместен и што точно тој подразбира, бидејќи тој вели во членот 1 став 1 зборовите " за избори и отповикување на" се бришат, а членот 1 нема повеќе ставови. Треба да се види кој зборови точно, каде во кој член се брише. Јас внимателно го слушав г-динот Арсов, мене неговата намера ми е јасна и мислам дека тоа се постигнува со бришење на дел од зборови на друго место, во вториот дел од ставот каде што се наведува што е нов текст во Законот, бидејќи се однесува на насловот на законот, а може да се сфати дека се однесува на насловот на законот што веќе постои, а тој како таков постои и не може таму да се брише. Затоа треба да се види и да го лоцира точно каде е.

Инаку, што се однесува до суштината, мислам дека г-динот Арсов изнесе едно сфаќање на уставната демократија што никој не го спореше, особено не г-ѓа Силјановска, која што овде беше прозвана да каже.

Според тоа не постои концептуална причина за поинаков став на г-динот Арсов од оној на Владата или на Владата и на г-динот Арсов. Затоа мислам дека треба да бидеме јасни, ание изгубивме поло- вина час за овој амандман. Вака ако работиме ние ќе изгубиме многу време и кој знае каде ни е крајот. Затоа апелирам на Владата по сите амандмани по кои не постои концептуална разлика да се прифатат. Повеќе да не губиме време по тие амандмани каде нема никаква концептуална спротивност. Друго е овде политичката борба која треба да се води по концептуалните разлики. Тоа веќе има смисла. Инаку нема смисла, ќе губиме време и ќе настанува блокада околу вакви амандмани кои

веројатно ги има уште, што на крајот на краиштата морам да ви кажам можеше да и користи само на опозицијата. Затоа ако нема концептуална разлика,а .така беше изнесено ве молам Владата да го прифати и да бегаме од вакви работи зашто тоа се стапици што самите си ги поставуваме и не може да се работи. Уште еднаш го повикувам г-динот Арсов точно да прецизира каде се лоцира амандманот.

Има збор г-динот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРОВ:**

Почитуван претседателе, во врска со нашето излагање јас наполно се согласувам, ако меѓу мојот предлог и предлогот на Владата, на предлагачот односно на Гордана Силјановска - член на

Владата и министер во Владата нема концептуални разлики во ова што го нудиме. Тоа е во прилог на предлогот, ако навистина таа го прифаќа и ако смета , ова што ние го нудиме не се разликува од она што тие го прифаќаат. Тоа навистина, може само да придонесе да ги надминеме разликите.

По однос на амандманот за кој овде изразија извесни дилеми дека не е доволно јасен, не е доволно прецизиран во однос на предлогот како што се нуди на постојниот текст на членот 1, јас уште еднаш ќе повторам дека амандманот се однесува на член 1 и тоа на вториот дел во кој што стои, ако се следи реченицата од почетокот дека "називот на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници", значи на постојниот, на досегашниот, на стариот закон, значи тој назив на досегашниот закон се менува и гласи, и сега значи со таа измена и со таа интервенција што ја предлага Владата, ние за новите избори, сега што престојат ќе имаме закон за избор на пратеници и за избор и отповикување на одборници.

Во тој предлог што го дава Владата за да се измени називот на досегашниот закон, и според тие измени што ги предлага Владата, со законот се предвидува избор на пратеници, но не и отповикување на пратеници, а останува делот избор на одборници, но избор со отповикување на одборници. Значи амандманот се однесува токму како што е и овде наведено да се брише токму тоа овде што се додава "и за избор и отповикување на одборници",па затоа тој назив што се предлага со измените од страна на Владата, сега во престојаните избори, до колку за нив се договориме, значи ќе имаме закон со овој амандман за избор на пратеници и одборници што не дозволува отповикување на одборниците. Мислам дека со ова таа дилема е расчистена.

Не би прифатил она што министерот Силјановска кажа дека во досегашната расправа наводно преовладувало мислење во расправата во законот за локалната самоуправа, да се вгради одредба за отповикување на одборниците. Ние овде не можеме да прифатиме едно такво објаснување, уште помалку можеме да прифатиме образложение за политичката култура итн., тоа е навредливо не само за бирачите, туку и за нашиот народ. Политичката култура ние треба да ја респектираме и сами да придонесуваме за нејзиното градење, посебно на ниво на локалната самоуправа. Овде се прави обид гледам да се манипулира со политички аргументи, а не со правни. Јас не би прифатил една таква политичка аргументација над правната аргументација. Ние мораме да ја почитуваме правната аргументација која што не упатува на следното: Законот за локална самоуправа не е донесен, пред нас имаме Устав на Република Македонија, во кој што е јасно определен претставничкиот систем, кој што исто така е обврзувачки и во уставните одредби за локалната самоуправа.

Се согласувам дека владеачката коалиција на власт во однос на нудењето на закони може со своето мнозинство да го наметне својот пред- лог, не респектирајќи ги интересите и предлозите на другите пратенички групи и другите политички субјекти - партиите. Меѓутоа, овде, сакам да предупредам дека е неприфатлив таквиот принцип ш наметнување на волјата на мнозинската лева коалиција што е на власт. Неприфатлива е, затоа што не станува збор за интересот на мнозинската коалиција ниту пак за интересот на опозицијата, туку станува збор за едно принципиелно прашање кое ние мораме да го почитуваме а кое е прашање од општ интерес на Македонија, од општ интерес на народот на Македонија, а тоа е дали ние ги почитуваме целите на повеќепартискиот систем. Тој повеќепартиски систем почива само на овој концепт, на концептот на претставничката демократија за која сме се определиле.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Силјановска.

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА:**

Да бидам искрена, последната дискусија не знам како да ја толкувам. Прво, кога споменав политичка култура или некултура, воопшто не мислев на избирачите, туку мислев на избраните. Бидејќи како што спомена г-динот Стоиле Стојков, кај нас постапката е сеуште мислена именка. Јас не знам некој пратеник или одборник да поднел оставка. Значи, напротив ако ве избрале оние во изборните единици и гласале за вас, во локалната самоуправа тие треба да го имаат последниот збор. Всушност, тоа е идејата на локалната самоуправа. И мислам дека многу механички се паралелите локална самоуправа држава, што исто така е рецидив од минатото. Вие сеуште на ум ја имате општината како мала држава, и затоа барате претставничкиот систем да

биде адекватен и во државата и во локалната самоуправа. Не, веќе одборниците се волонтери, барем тоа е по предлогот на Законот за локална самоуправа, што не мора да биде прифатена овде. Јас реков акцентот е на непосредноста, а не на претставништвото, а пак реков, ваше е како ќе одлучите. Јас не сакам да наметна, став кој што, да речеме, е исклучив. Точно е дека во светот има и земји каде што има отповик, а има и каде што нема. Вие одлучете се дали ќе го прифатите едното или другото. Тоа е првото.

Второ што сакам да кажам, не само што, еве во Законот претходниот закон за избор и отповикување на пратеници и одборници, институтот отповик е вграден. Меѓутоа, ќе признаете дека уште ниту еден одборник не е отповикан. Значи кога во земјите, што не е политичко образложението, туку правно, превентивно се делува на избраните и затоа е овој институт вграден. Ако веќе сакате правна аргументација, само да ви кажам во нашиот Устав и во Законот за избор на пратеници и одборници има една одредба во која се вели дека престанува пратеничкиот односно одборничкиот однос, доколку одборникот или пратеникот сторат кривично дело за кое што е предвидена казна затвор најмалку пет години. Јас уште во рамките на Уставната комисија, а и сега ќе повторам и ќе речам дека нема позаштитени пратеници и одборници во светот од нашите. Секаде Одредбата е следнава ако со правосилна пресуда е изречена казна затвор од шест месеци. Тоа е тоа решение. Што значи дека токму оваа заштита преголема заштита се обидовме да ја анулираме на овој начин. Ќе повторам, правна аргументација има и за едното и за другото. Аргументи има и за и против. Јас за тоа не се држам исклучиво.

И до колку овој Парламент изгледа да нема отповикување, јас ќе се согласам со тоа.

(Во меѓувреме со седницата продолжи да раководи Тито Петковски).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор министерот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ќе зборуваме за правната аргументација во Уставот, а никаде не пишува дека одборникот не може да биде неотповикан ниту да го отповикуваат. Тоа е прашање на Собранието.

И второ, ако го погледнете амандманот, само го менува текстот на називот на законот. Амандманот е неконзистентен затоа што не ги укинува другите членови во главата X за отповикување членот 66, 67 и 68. Дали ќе останеме на тоа и тие членови да стојат а во главата ќе го смениме само името на Законот. Затоа велам дека самиот амандман така даден е неконзистентен и не може до крај да ја регулира целата материја што ја регулира Законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Кратко и јасно господа пратеници констатирав јас дека на Владата се што и е во интерес за донесување на законот вели се користиме од Шведска, од Америка, а кога не и е во интерес не ја спомнува ни Шведска ни Америка.

Второ, токму дека се волонтери одборниците треба да бидат заштитени, зашто без пари ја вршат функцијата - одборник на

Собранието и треба да одговара како волонтер. А овде ако одговара, нека одговара зашто плата зема, пари зема, ја оштетува државата, седи тука без да учествува во расправата на Парламентот. А тие, сакаме да ги осудиме, а овие овде да ги оправдаме арамиите што седат во клупите овдека. Овој амандман ако не се усвои, треба Владата оставка да си поднесе. Разбирате ли. Како така ќе обесправуваме волонтери кои вршат без пари една функција на државата, ги обесправуваме, а оној што ја дере државата ја штитиме. Сосема нелогична, сосема неправилна работа. И немој некој да се лаже да не гласа, да го слуша народот дека против одборниците на Собранијата се. Во тој случај никој нема да се прифати за одборник на општините каде што утре треба да му се суди и да биде отповикуван за искажана мисла. Знам што е намерата, јас, нивна. Не сме деца овде ние да се лажеме, што ќе биде. Нека се усвои ова вака, па ќе видиш утре в дупка ќе ги отераат одборниците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, јас сосема накратко сакам да продолжам таму каде што застанавме. Јас укажувам на следното: амандманот не е коректно доставен и поднесен, ако предлагачот сака да го измени називот на законот, тоа го прави со поднесениот амандман. Исти зборови со иста содржина имаме во член 2,5 од предлогот на законот што е пред нас. Тој дел член 2 и член 5 не се спомнуваат. Ако понатаму сакаме да немаме отповикување на одборници, ниту законот да носи назив за избор на пратеници и одборници, тогаш предлагачот треба да поднесе предлог за донесуваше на закон за изменување и дополнување на

постојниот закон на одредбите од член 66,67 и 68 што предвидуваат постапка за отповикување.

Ние и да го изгласаме амандманот денеска, еве сега нема да има никаква практична функција тој амандман. Затоа што не ги менува одредбите на постојниот предлог на Владата и одредбите на постојниот закон за избор на пратеници и одборници. Ако веќе сакаме да поднесеме предлог што ќе биде конзистентен на идејата да нема отповикување, тоа треба да го кажеме со амандман, односно со предлог. за изменување и дополнување на постојниот закон. Вака а можеме да внесеме и емоции во дискусиите, можеме да истапуваме со многу жар овде, но нема да ја свршиме работата за што предлагачот се залага.

Според тоа, ако претседавачот мисли дека треба да имаме закон за избор на одборници и пратеници без отповикување, нека го повика предлагачот да оформи таков предлог и за тоа да расправаме. Инаку, расправата е безпредметна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас немам поинакво мислење од тоа што го кажа министерот и колегата Абдурахман по однос на содржината на законот што треба да се измени, доколку се измени во предложениот дел од колегата Драги Арсов.

Видете што е!

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Одредбата од членот 10 од Уставниот закон задолжува да се донесат законите за избор на пратеници, претседател и политичките партии. Таму тој закон не ги спомнува одборниците. Ако одевме доследно на законската обврска Владата требаше да ни понуди закон за избор на пратеници. Тоа е првиот дел, имаме уставна обврска што сами си ја создадовме овде.

Кога говоревме дали треба да одиме по скратена постапка односно по итна постапка или не, еве ова е еден од доказите дека не треба да се брза со било што. Ако беше дадено ова на време, ние ќе можевме секој пратеник поодделно што ќе смета и оцени по свое наоѓање дека треба законот да го содржи или не, ќе го предложеше на време. Овде што се случува? Господинот Драги Арсов увидувајќи дека треба една институција - одборник да се заштити со неотповикување, повикувајќи се на помош од стручната служба, дали она што работела стручната служба сакала навистина да му помогне или сакал да донесе предлог овде и некој да се исмејува дека ова што се поднесе е неиздржливо, дека е некоректно, тогаш ќе поставам прашање навистина дали службите си ја извршиле својата задача.

Точно е дека амандманите, не амандман, туку ќе беа амандмани на Предлог-законот и таму да се исклучат и 5 и 6 и 66 и 68 каде се говори за спроведување и начинот на отповикување кој го чини, како го чини, што ќе биде, кои ќе бидат резултатите, сето тоа требаше да биде зафатено амандмански. Драги Арсов не е квалификуван правник и да е, па не може се да знае, доволна е стручната служба и таа овде му направила лизганица.

Господа пратеници, јас како пратеник сакам да дадам еден предлог да се дозволи на господинот Драги Арсов во соработка со стручната служба, ова укажување е нужно, да го даде целосно и да ги има предвид овие дискусии и тогаш да продолжиме со расправа по овој амандман, потоа можеме да одиме на други.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници.

Овде господинот министер си дозволи, па вели не е конзистентен предлогот на предлагачот, не е ваков, не е таков. Мислам дека во овој Парламент се утврди една практика која на министерот требаше да му биде позната. Имено, практиката е воведена на овој начин. Овој Парламент ќе изгласа некој амандман и веднаш Владата односно претставникот на Владата зема пауза за да се договорат што понатаму, бидејќи не им се бендисува амандманот. Во овој случај ќе имаме обратен процес. Во тоа е смислата на господинот Драги Арсов и поднесениот амандман. Во моментот кога ќе се усвои поднесениот амандман, поднесен од господинот Драги Арсов за измена на називот на законот, министерот, како претставник на Владата,треба да реагира да побара пауза и да си поднесе сам амандмани на сите одредби кои треба да изостанат од предлогот на законот што ни е даден. Тоа е единствена логика која е наметната во работата на овој Парламент и така треба да одиме понатаму.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мислам дека е некоректен господинот пратеник затоа што тој кој го поднесува амандманот треба да смета во која функција ја остварува функцијата на амандманот. Ние некоректно го добивме амандманот, затоа што го добивме сега пред 15 минути и тој амандман во суштина само го менува насловот и не може да биде во функција на остварување на самиот закон. Не само што ги менува одредбите кои ги предложи Законот за измена и дополнување на овој закон, туку ги менува и одредбите на целиот закон за главата X од Законот каде стои за отповикување на пратеник и од тука мислам дека амандманот е беспредметен за расправа пред Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор бара господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ ТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, излегов уште еднаш за да расчистиме. Секој си ја брани својата позиција. Ако се усвои амандманот постојат двете решенија или предлагачот да побара пауза со цел да поднесе амандмани на постојниот текст на законот или претставникот на Владата да побара, исто така, пауза, па да си го пречисти законот и да имаме чисти сметки. Условот е единствен и треба да се усвои промената на името на законот, како што е во амандманот. Од тоа ќе зависи дали ќе побара пауза господинот Арсов или господинот Туше Гошев, нема друго решение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави господинот Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Бидејќи овде се укажа на пропустите по однос на формулацијата на амандманот, како предлагач на овој амандман барам пауза од 15 минути за да можеме да ги извршиме тие дополнувања кои беа побарани овде од страна на министерот Туше Гошев.

Молам за пауза од 15 минути за да можеме да го извршиме дополнувањето на амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас предлагам на Собранието да продолжиме со наредниот амандман, а господинот Арсов со стручната служба нека го подготви овој амандман

Продолжуваме по другите амандмани.

Отворам претрес по амандманот на членот 2, став 1 и 2, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Процедурално бара господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Бидејќи немавме слух за она што се предлагаше, барам пауза од 30 минути за подготовка на компетентни и стручни амандмани од страна на стручната служба да му помогнат на предлагачот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме точно во 13,50 часот.

(Седницата прекина со работа во 13,20 часот)

(Седницата продолжи со работа во 14,20 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Бидејќи амандманот на господинот Арсов технички не е подготвен, предлагам да одиме на амандманот на членот 2 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Но се извинувам господинот Стојановски бара процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, од оваа говорница јас лично изразив и имав»една реченица дека стручните служби направиле лизганица на господинот Арсов, меѓутоа, станало збор за недоразбирање помеѓу нив и затоа јас се извинувам на стручната служба од оваа говорница дека сум пречекорил нешто од она што е дозволено во фер плеј односот.

Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 2 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став поднесен од пратеникот Никола Крстески.

Со седницата продолжи да раководи Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој бара збор?

Молам, службите нека утврдат точен број на пратеници;

се утврди точен број на пратениците.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за додавање нов став, поднесен од пратеникот Никола Крстевски.

Отворам претрес по амандманот на членот 3 за додавање нов став 3 поднесен од група пратеници на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Молам, кој бар збор?

Има збор господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во членот 3 се додава нов став 3 кој гласи: "граѓанинот се смета дека нема деловна способност доколку е неписмен и не го познава македонскиот јазик". Образложението е следно.

Со овој амандман се спречува неписмено лице да биде избрано и да избира претставници на пратеници и одборници и основен услов да се одговори на функцијата пратеник односно одборник.

Имено, познато е дека секоја партија во предизборната кампања, меѓу другото, користи писмени форми за објавување на своите програмски определби низ средствата за јавно информирање.

Во овој случај посебно во дневниот печат во кој се објавуваат изјави на кандидати за пратеници односно одборници, по одредени прашања кои се многу суштествени за конечното определување на избирачот дали да гласа за определен кандидат пратеник или одборник.

Неписмениот граѓанин заради фактот, што не ќе може да ги прочита таквите програмски определби, изјави и т.н. е ставен автоматски во нерамноправна положба во однос на граѓанинот - избирач кој е писмен.

Понатаму, политичките партии во својата предизборна кампања користат печатени летоци, изводи од програмата, брошури, постери со имиња на кандидатите кои од неписмениот избирач исто така не можат, да бидат прочитани. Колку што ми е познато во одреден земји каде што демократијата е на највисоко ниво, познавањето на службениот јазик е основен услов за добивање на државјанство на дотичната држава.

Со ова сакам да истакнам дека во случајов не се работи за ограничување на избирачкото право на граѓанинот, туку за постигнување на подобар однос помеѓу избирачот и кандидатот што треба да биде избран. Следствено во истиот контекст мора да се потенцира и фактот на кој сите бевме свидетели од првите повеќепартиски избори група граѓани', наводно неписмени, беа манипулирани од придружникот се со единствена цел да гласаат редум за една партија. Такви случаеви имаше повеќе и таков случај имаше и со кандидатот за пратеник на тогашен СКМПДП кој не доби ниту еден глас иако имаше поголема фамилија во истата изборна единица. Ова го потенцирам поради фактот што кандидатот беше Албанец, а сите избирачи од тоа изборно место гласаа за кандидатот на ПДП, значи манипулации можат да се прават колку што се сака.

Од друга страна, при истиот случај со користење на правото на неписмениот граѓанин да гласа со придружник Избирачкиот одбор односно контролорите немаат можност да дознаат што придружникот сугерира на неписмениот избирач, заради непознавање на јазикот што тој го користи, што според мене претставува начин на манипулации со избирачите, што не е дозволено со Законот за изборна постапка.

Мислам дека, господа пратеници® амандманот треба сите едногласно да го прифатиме, во интерес на каузата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Халили.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, јас сериозно мислам дека амандманот треба да се прифати затоа што сметам дека со овој амандман позицијата уште повеќе ќе ги зацврсти позициите во идната власт, со оглед на тоа дека повеќе од 95% од пратениците на ВМРО кои се предлагачи се деловно неспособни затоа што не го знаат македонскиот јазик.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Овој амандман не треба да се прифати затоа што деловната способност може да се земе само во вонпроцесните постапка со правосилно решение на судот, а вака тука не стојат ни правни претпоставки ниту има постапка за одземање на деловната способност. Мислам дека не треба да се прифати амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Сега треба во овој момент да се плукне камчето, да не се чува во уста, затоа што ваква навреда не требаше да направите вие. Ако е за неписмени ќе видиме кои се неписмени и кои завршија во Приштина со Азем Власи, само ако го знаеш Азем Власи готов си положил. Не ви треба таква работа. Вие не сте виновни за оваа работа, виновни се овие што седат овде и овде (покажува лево - десно) затоа што ве направивме галеничиња, а од ова правите кусур од вересија. Немојте да го правите она, чувајте го она што го добивте благодарение на овие и овие што се косеа тука. Ако се работи за неписмени, дајте да ги видиме дипломите каде завршивте вие. Така е, во Генерал Јанковиќ. Немојте, јас ви реков немојте да одите на тоа. Користете го она што можете да го користите Цицај сиромашка крв, вели народот, додека другиот спие. Ете тоа, и од сега не сакам да имаме вакви расправии околу тие работи.

Немам против за амандманот да се гласа или да не се гласа, а напаѓај го но ти цела Македонија да ја направиш неписмена, значи во право било и затоа јас премолчив вчера на дискусијата што не реков заради вас Владата да си поднесе веднаш оставка што дозволи Собранието во Тетово да не истакне своја застава на Собранието, туку ја истакна само Албанската. Еве колку сте точни еве колку сте во право. Ако велите дека е ова ваша татковина требаше прво да ја истакнете заставата на Македонија па потоа албанското знаме. Каде е зставата на Македонија?Тоа ли е демократија Тоа ли е она што зборувавте ова е моја татковина, ами која твоја татковина, ако е твоја татковина требаше да го ставиш македонското знаме во Тетово, а не да го ставаш албанското. Едно мислите друго зборите, ве боли за Албанија.

Благодарам.

V/1.- ДВ-ВБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ви укажам на сите , кога викате на говорницата не се слушате и не можеме да ве разбереме. Дајте зборувајте помирно да ве разбереме. Тоа е прво.

Второ, верувајте се почнува некако во еден правец како да не сакаме ние да работиме овде. Ќе дадеме уште еден доказ оти ова Собрание не може да работи.

Господинот Мухамед Халили бара реплика.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Бидејќи ме прашуваше дали сум завршил, да му кажам дека во Белград сум завршил, ама дали тој завршил нешто тоа е проблемот.

Второ, за да се реализира овој амандман треба да се формира една комисија во рамките на Собранието која ќе оцени кој колку го познава македонскиот јазик. Затоа како претседател на Комисијата го предлагам господинот Положани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ние веќе излегуваме од расправа по амандманот. Ве молам држете за амандманот.

Господинот Бранко Арсовски бараше збор.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи се работи за еден принципиелен амандман, барем јас и професионално бидејќи се занимавам со одредени проблеми, сакам да укажам бидејќи и мојата стручност треба да дојде до израз да дадам едно појаснување.

Самиот амандман погодува три до четири категории на граѓани. Првата категорија, без разлика на националноста, знаете деловната способност не зафаќа некоја националност туку ги зафаќа сите граѓани во светот, во Републиката и во одредена социјална средина. Така да деловната способност и постапката за одземање на деловна способност е многу позната. Имаме закон за старателство, односно ако се сеќавате донесовме закон за семејство и во тој дел постапката за одземање на деловна способност е јасна, а за сите лица на кои е одземена деловната способност се назначуваат постојат старатели кои ги застапуваат нивните права и интереси. Така да таа категорија е доста побројна и мислам дека тука не смееме многу да се впушта заради тоа што погодуваме одредена личност, а личност не смееме да ја погодиме.

Втората категорија на неписмени граѓани или полуписмени итн., во рамките на Република Македонија исто така е попирустен тој број. Исто така неписменоста е присутна во сите националности и мислам дека би било грев оваа категорија на граѓани, психофизички способни, деловно способни за да не можат да гласаат. Тоа е пара- док и мислам дека има уште некои елементи кои одат во прилог овој амандман да не се прифати заради тоа што се на штета на еден дел на граѓани на РМ.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, јас во духот на претходникот само сакам да укажам дека РМ е држава во која владеат одредени закони и уставни гаранции според кои основното образование беше задолжително. Тоа значи дека во овие 45 години врз основа на таквата уставна одредба во РМ не би требало да има неписмени луѓе. Ова го говорам од фактот тесно поврзано со она   неписмен и познавање

на македонскиот јазик затоа што во основното училиште се стекнува и изучува македонскиот јазик. Тоа е таа гаранција која треба да ја имаат сите граѓани спрема државата.

Овој амандман ние го дадовме и во контекст со амандманот во врска со потпишувањето при добивањето на гласачко ливче, со што се елиминираат сите можни комбинации на злоупотреба. Сакам исто така да укажам дека ако изборите се општи непосредни и слободни јасно е дека најголема слобода и самостојност имаме само од писмен глас, поготово ако се фрлиме на теренот на можноста за кандидат да биде и неписмен и да не го познава македонскиот јазик, навистина се поставува прашање кој е службениот јазик во оваа држава. Со други зборови сакам да повторам, ако е службениот јазик на РМ македонскиот јазик, неминовно е познавањето на македонскиот јазик и неговото писмо. Поаѓајќи од тие факти само бројни примери може да укажат во поддршка на ова што јас го предлагам. Апсурдно е да се претпостави таква можност дека странски делегации може да примаат претставници во РМ и на ниво на Република и на ниво на општините кои што не го познаваат македонскиот јазик. Каде води тоа сите можеме да бидеме свесни. Оттука сметам дека амандманот кој што е предложен од група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ е апсолутно издржан и ја овозможува на секој граѓанин слободата на изразување и неговата самостојност, не преку негови застапници или старателство како што се спомнува.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, веднаш на почетокот да кажам дека овој амандман треба сите да го поддржиме затоа што мислам дека е допрецизирање на членот 3 став 2 и е во согласност со членот 22 од Уставот на РМ во кој се вели: "избирачкото право е еднакво општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање".

И претходните пратеници што го изнесоа своето мислење од Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кажаа, ако во Уставот, јас ќе повторам тука имаме дека избирачкото право е непосредно, не може да велиме дека имаме тајни избори, ако тој што гласа не знае за кого да гласа односно не знае прво да ја прочита програмата, добро може да ја слушне на радио на ТВ итн., меѓутоа ако не знае да го прочита името на кандидатот затоа што нашиот систем нели е мнозински сеуште, законот не сме го донеле, тогаш се повредува тоа непосредно негово избирачко право ако некој му сугерира. Тој што му сугерира може да му сугерира и на погрешен начин односно да не му соопшти на соодветен начин како да го пополни ливчето.

Што се однесува до тоа, навистина ние имавме едно образование кое беше задолжително, што кажа господинот Стефковски и во тоа задолжително основно образование друга работа е тој што не сакал да ги праќа децата да му учат школо односно да му бидат писмени. Тоа е работа на државата зошто не ги казнувала тие. Меѓутоа, мислам дека тие истите што не ги праќаа своите деца да се школуваат, да станат писмени, заслужуваат најголема осуда, а кај албанците тоа, мора да признаеме најповеќе беше изразено. И вие како пратеници сигурно треба да се заложите во иднина и вашите деца понатака сите 100% да бидат опфатени со школување. Меѓутоа,мора да го почитуваме Уставот и законот затоа што главно немаме, ако некој на некому му сугерира и тоа погрешно како да гласа без да тој самиот се одреди со своето размислување за кого ќе гласа, мислам дека тука го немаме тоа право на непосредно избирачко право. Во тоа е суштината и мислам дека и пратениците од ПДП треба да го гласаат овој амандман затоа што е во функција на почитување на Уставот и законите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господин Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Јас мислам овој амандман ќе успее затоа што координаторот на Пратеничката група на ПДП и НДП даде збор дека ќе гласа. Што значи штом ќе гласа тој ќе гласаат сите пратеници од ПДП и НДП, а јас ги знам од тој крај, они седат на беса (смеа во салата) Исто така пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе гласа, така да овој амандман ќе успее.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Јас му гарантирам дека ќе гласаме под услов тој тука три реченици на македонски да ги изрече.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, сето тоа минува во меѓусебни навреди. Не е добро тоа. Дајте да внимаваме, да ја забрзаме работата.

Има збор господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Па, дозволено е, јас имам наречје, едно македонско и кумановскиот дел има наречје од македонскиот јазик и ако погрешам останувам пак македонец. Говорам и е допуштено да можам да употребам зборови и од своето наречје. Меѓутоа, мојот јазик е мајчин јазик.

Ќе говорам сега за амандманот.

Амандманот е даден да се надмине недоразбирањето помеѓу слободната волја на избирачот и законската обврска да избира и да биде слободен. Ако некој отиде да гласа со придружник, тој придружник има за задача да му каже за кој да гласа. Дали се работи за слободна волја или за притисок?

Да би се надминала оваа работа човек кој ќе има пред себе гласачко ливче на кое е можно, според бројот како што е сега со политичките партии да се јават 56 и замислете на едно гласачко ливче има 56 кандидати, каде ќе може неписмениот по слободна волја да избере да гласа за оној кој е негов кога тој ниту го знае јазикот ниту го знае писмото. Ќе дојде со него придружник и ќе му каже гласај за овој број. Тој број е твојот кандидат. Кој ќе може да врши контрола? Никој.

Во оваа фаза мислам дека, за овие избори дали ќе бидат редовни или предвремени, во овој закон ќе треба да стои оваа одредба да се примени поради тука не се мисли, како што кажа господин Бранко што се подразбира деловна неспособност, не да управува со своите постапки. Тогаш неписмениот баш поучен од некој друг е навистина деловно неспособен. Тој ќе треба да прими туѓи поуки. Овде треба слободно да одлучи. Тие луѓе во овој момент да ги оставиме да не бидат изложени на непотребни тортури од припадници на партии, на политички идеи и сл. Затоа господа прифатете го амандманот луѓето кои се неписмени да имаат деловна неспособност поради неписменост сами да одлучуваат по однос на избор на кандидат кој не го знае кој е, да го прочита, а не да нема деловна способност воопшто да располага со своите постапки и да го сфатат значењето на тоа што го чинат.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, не би сакал никого да потценувам, меѓутоа да се поднесе еден ваков амандман од моите почитувани колеги пратеници кои по професија се дипломирани

пратеници со многу години искуство, мене ми се чини да е многу смешно и одговорно. Се знае по законито што е деловна способност и кое физичко лице има деловна способност а кое нема. Според тоа фактички човек без разлика на која врз и нација и припаѓа, што не знае да чита и пишува да може да се огласи односно ова Собрание како највисоко тело на една држава да дозволи да се изгласа еден ваков амандман би било неодговорно и многу штетно за демократијата и државата. Според тоа вакви или слични амандмани сметам дека треба да се отфрлуваат а од друга страна треба да водиме сметка и за професионалноста и професијата што ја обавуваме.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, јас сакам овој амандман да го појаснам со следново, не со членови не со запирки не со параграфи.

Ова е гласачко ливче (во раката држи гласачко ливче и го покажува на пратениците), во него се наведени три четири, пет,10 кандидати од сите партии. Доаѓа неписмен човек и му го даваш гласачкото ливче. Сега тој треба да прочита кои се кандидатите затоа што велиме изборите се тајни. Сега тој мора да праша кој е кандидатот за кој сака да гласа. Сега тој, старателот ќе му прочита. Сега улогата и намештаљката е во тоа, од која партија е тој што ќе го чита кандидатот . Во тој случај ако треба да биде Петко, го сака и сега место Петко ќе му го каже Трајко, ќе каже ова е Петко. ВО тој случај гласањето е неправилно. Ете тоа е тоа, во тоа е тој амандман што треба да се прифати заради тоа што оној што ќе му го прочита ливчето веднаш, во завист ќе го излаже кој е кандидатот. Во тоа е вистината.

Сега една реченица на македонски јазик. Дали може да се смета писмен човек кој бил во странска делегација и зборува против својата Република а јаде леб од оваа држава овде (аплауз од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за правосудство и управа Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас се извинувам што повторно се јавувам но морам да кажам дека амандманот е и спротивен на членот 22 од Уставот на Македонија. Членот 22 гласи: "Секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право. Избирачкото право е еднакво, општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање. Избирачко право немаат лица на кои им е одземена деловната способност". Тоа значи дека во судска постапка може да му се одземе на некого деловната способност, а не со незнаење на јазикот или со неписменоста. Оттука мислам дека овој амандман е спротивен на членот 22 став 3 од Уставот на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ;**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Господинот Анастасовски, сепак бара збор.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Кај мене постои една дилема ваква: Деловно неспособни луѓе. Према мене тука има медицинари, има лекари, за мене тие се или ментално заостанати, или луѓе кои не се паметни. Каде ќе се најдат сега тие луѓе. Тие не се неписмени, затоа што како такви тие немаат образование и треба да бидат неписмени, затоа што тие немаат способност да учат. Што со тие луѓе? Дали законот тука предвидува некоја точка за тие луѓе што ќе стане. Затоа што досега ние така бевме ригорозни према луѓето, го зема за рака, а тој не знае кај оди, го влечка таму и му пишува. Ако имаме таков амандман јас се оградувам . Мене ми падна во очи дека тие ние не се разграничуваме. Ако имаме таков амандман јас се извинувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има уште некој кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за нека крене рака? (25 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 за додавање нов став 3, поднесен од група пратеници на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето барам поединечно да се гласа. Имам поддршка од 10 пратеници.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Излегов само да укажам дека кога се читаат амандманите треба да се читаат онака како што се. Таа група пратеници е потпишана и има име и презиме. Барам претседателот да ги чита кои се подносителите на амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се уважува забелешката. На овој амандман за кој беше спроведено гласање го предлагаат следните пратеници на ВМРО-ДПМНЕ: Александар Флоровски, Ацо Спировски, Горѓи Котевски, Томислав Стефковски и Петар Темелковски.

Молам службите да ми ги напишат во сценариото сите пратеници.

Заменикот секретар ќе спроведе поединечно гласање.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

прилог : список

VI/3

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - против |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | - не е тука |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | - против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | - против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | - не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - не е тука |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - за |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | - за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | - против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | - против |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | - против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | - не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | - за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - против |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | - воздржан |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | - против |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | - за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | - против |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | - не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | - против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | - против |
| 25. ДОСТА ДИМОБСКА | - за |
| 26. МОРКО ГОРЧЕСКИ | - за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | - не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | - за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | - против |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | - не е тука |
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - не е тука |

| | |
|---|---|
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | - против |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | - против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - за |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | - не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - против |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | - не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | - воздржан |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | - за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | - за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - против |
| 48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ | - не е тука |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | - не е_тука |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | - не е тука |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | - за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - воздржан |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | - воздржан |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | - против |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | - против |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | - не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | - против |
| 59. СТРАИО МИЛКОВСКИ | - против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | - не е тука |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | - воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | - за |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | - против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | - против |

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | - против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | - не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | - против |
| 69. СИМОН НАУМО.СКИ | - не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | - не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | - против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | - против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | - не е тука |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | - против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | - против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | - воздржан |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | - за |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | - против |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | - против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | - против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | - против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | - против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | - против |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | - не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | - против |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | - против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | - против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | - не е тука |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | - против |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | - против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | - за |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | - не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | - не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | - за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | - не е тука |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | - против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | - против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | - за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | - за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | - не е тука |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | - против |

102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - за
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - за
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ - за
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ - против
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ - за
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ - воздржан
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - за
109. АГИМ ФАЗЛИУ - против
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - за
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ - против
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТ - против
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - против
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - против
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - против
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - против
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - против
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - против
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - не е тука
120. ХИСНИ ШАКИРИ - не сака да гласа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од тоа за амандманот гласале 25 пратеници, против гласале 54 и воздржани се 7 пратеници.

Констатирам дека овој амандман не е усвоен.

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 4 поднесен од пратеникот Никола Крстевски.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 4 поднесен од пратеникот Никола Крстевски.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за бришење на ставот 3 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Молам кој бара збор?

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи на истиот член на истиот став од пратеникот Иван Иванов, има поднесен исто така амандман за кој сметам и јас а и други пратеници дека има соодветна техничка содржина. Го повлекувам мојот амандман, а го поддржувам амандманот на колегата Иван Иванов на ставот 3 на членот 4.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овој амандман е повлечен, значи нема расправа. Отворам претрес по амандманот на член 4, став 3 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам, кој бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата го прифати овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

По амандманот немаме расправа бидејќи е составен дел од текстот. Ќе расправаме кога ќе биде...

(патеникот Наќе Стојановски 6ара деловничка интервенција) .

А, деловнички, повелете, не по амандманот. Амандман нема. Тоа е составен дел на текстот. Кога ќе имаме расправа по текстот тогаш ќе се искажеме тогаш во тој дел, кога ќе имаме спор за текстот на Законот, после сите амандмани. Тогаш тоа е составен дел на тој текст. Тогаш ќе си ка.^ете. Само, за тогаш ако немате амандман, нема ништо.

Отворам претрес по амандманот на член 4 за додавање нов став 4 поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Господин Стојков бара збор.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, овој амандман е во функција на членот 4 односно на неговиот прв став и на уставната одредба каде што функцијата пратеник е неспоива со функцијата, со други функции итн.

Меѓутоа на ЗПК ни беше кажано дека ова што го бараме како допрецизирање на некој начин се подразбира од претходните три става што ги носи членот 4. А, инаку, буквално го поднесовме овој амандман од причини што и во сегашниот состав на Собранието на РМ иако со устав беше одредено дека со закон ќе се уреди неспоивоста на функцијата пратеник со други функции, мислам дека на некој начин, како што се спомна и во амандманот на пратеникот Петар Горѓиев, очигледно е дека поедини пратеници кои покрај функцијата пратеник имаат и други функции не сакаат да се откажат од функцијата пратеник односно да имаме нови избори за тие пратенички места јас во таа функција го поддржува членот 4 со трите става и објаснувањето на Комисијата што беше дадено го прифаќам и амандманот го повлекуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи нема амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 5 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 7 поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а под несе од пратеникот Иван Иванов.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. Молам, кој е за нека крене рака? (3 пратеници) Констатирам дека собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Ве молам, поделен ви е текст на амандман потпишан од пратениците Томислав Стефковски, Ацо Спироски и Драги Арсов. Тој амандман се однесува на членот 4, т.е. во членот 4 од Предлогот на законот ставот 2 да се брише. Така гласи амандманот. Значи во членот 4 став 2 се брише. Ова, во Предлогот на законот отпаѓа. Прочитав дека поднесувачи на амандманот се господинот Стефковски, Спироски и Арсов.

(Интервенции од место дека амандманот не е поделен)

Бидејќи амандманот не е поделен, ќе се вратиме после а тој веднаш нека се подели.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од пратениците Доста Димовска и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара госпогица Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Не го прифаќам толку краткото и сувопарно образложение и одговор на министерот. Не ми е јасно од кои причини Владата не го прифаќа овој амандман чија што цел е подобрување на текот на изборите на демократичноста, а исто така и на чесноста на изборите. Ми се чини дека и само авторитетот на изборите и изборните резултати ќе биде поткрепан со овозможување на учествуваат и здруженија кои што се граѓански непартиски и кои што од страна на МВР се регистрирани за таква цел. Фактички нивната намена ќе биде учество во контролата на изборите, во регуларноста и во чесноста. Нивната цел ќе биде со укажување на некои нерегуларности пред македонската јавност што можат да се случат за време на изборите да обрнат внимание на целата јавност, а исто така да се заложат како непартиско, граѓанско здружение за регуларност на изборната процедура.

Факт е дека вакви здруженија се формирани во речиси сите поранешни социјалистички земји. Вакви здруженија постојат и во Чешка и во Романија и во Словачка, во Бугарија, во Албанија и ми се чини дека нивната работа може само да придонесе за демократизацијата на свие земји како што е и Република Македонија која што веќе три години живее во еден повеќе посткомунистички период и воведе повеќепартиски систем, но на сите ни е познато дека тие три години не се доволни за стекнување на едно демократско искуство. Исто така не постоеше пракса на избирање помеѓу повеќе кандидати. Не постоеше искуство на изборите. Ваквите здруженија само можат да помогнат за чесноста и правичноста на изборите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Гошев, министер за правосудство.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Бидејќи немав многу време да го најдам амандманот сега го видов па ќе дадам и соодветно образложение.

(Пратеникот Доста Димовска му подава текст на амандман)

Добро, еве го добив го најдов.

Ако го прочитате членот 2 од Законот за политички партии, ќе видите кој се може да учествува во изборите. Тоа се политичките партии што се борат за власта и државните органи што ја спроведуваат власта.

Кај нас во Институтот каде што политичките партии предлагаат свои кандидати во повремениот состав, учествуваат со свои кандидати во изборните единици, таму си имаат свој кандидат во променливиот состав и си имаат свој заменик, така што ги следат остварувањата на изборите во тој момент.

Бидејќи нашиот закон го познава институтот заштита на избирачкото право за поведување постапка пред судот сметаме дека законот доволно ја обезбедува демократската основа за спроведување на избори

Бидејќи граѓанските здруженија не се државни здруженија што треба активно да учествуваат во остварување на изборите, единствено тие можат па бидат како набљудувачи. Познати се во светот набљудувач органи а тоа е во светот Европскиот совет и ЌЕБС каде имаат свои комисии и свои органи што го надгледуваат демократското остварување на тие избори. А, по повик на Владата на РМ или по повик на секоја политичка партија може да дојдат тие набљудувачи и да следат каде дали вистински и слободно и демократски, согласно на Законот се остваруваат и тие избори. Единствено во оние земји каде ОН се протекторат дна тие земји и каде тие земји немаат правен систем и не ги познаваат системите што значат игра на изборите, ОН формираат свои стручни екипи и им прават изборни закони како што беше во Намибија

каде ОН им обезбедуваат преку свои посматрачи регуларно да ги остварат тие избори. Сметам дека РМ не е толку назад и има свои закони и правен систем, а дека со вметнувањето на вакви здруженија во повремениот сосав на комисиите не оди никаде и не се остварува.

Доколку е поентата изборите да бидат демократски и демократски се остварат вие, како политичка партија можете да побарате од Европскиот совет или од ЌЕБС да дојде тука комисија и да ги набљудува изборите дали се демократски или недемократски или дали се остваруваат согласно на законите или не.

Јас повторно стојам зад тоа дека РМ има свој правен систем и има закони за избори што даваат гаранција за остварување на слободните избори и нема потреба од внесување на такви здруженија во нашите комисии што треба дефакто да го остварат и гласањето и изборот што го предвидува законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓица Димовска

**ДОСТА ДИМОВСКА :**

Најпрво би сакала да укажам на сериозноста поточно несериозноста со која што Владата а како нејзин претставник министерот Туше Гошев приоѓа на предлозите на опозицијата. Сите слушнавте од оваа говорница лека тој не го пронашол амандманот, не знае за кој амандман се работи, а кажа дека не го прифаќа, без образложение.

Исто така, беше искажано едно неточно тврдење од страна на министерот дека вакви здруженија постојат и ваков мониторинг во земји што се под протекторат на ОН. Колку што мене ми е познато ниту Албанија е под протекторат на ОН ниту Бугарија ниту Романија ниту Полска ниту Чешка и Словачка.

Исто така, ако позицијата, поточно Владата се заложува за чесни и демократски избори како што беше кажано од оваа говорница  незнам

зошто им пречи постоење на една појака контрола и на јавност за текот на изборите и на изборната постапка. Тоа може само да придонесе за негување на чувство на демократичност на изборите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (22 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов член 7-а поднесен од пратениците Доста Димовска и Ефтим Манев.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8 поднесе од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор? Збор има господин Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Овој амандман се однесува како еден почетен амандман во еден континуитет од 3-4 амандмани каде што како предлагачи сакаме да придонесеме изборите да бидат поевтини, да имаме поголема демократичност во контролата и на крајот изборните резултати да се признаат од самите учесници на изборите односно на полатичките субјекти.

Затоа велиме, со овој амандман бараме изборните органи да бидат составени од претседател, секретар и технички секретар и нивни заменици како постоен состав, односно во непоетојниот состав да влезат сите политички субјекти со по еден претставник и негов заменик кои учествуваат на изборите. Таква одредба имаме и во стариот закон така да се изразам, меѓутоа, ние предлагаме во последниот став дека

валидноста на изборите и резултатите се запишуваат во записник што го потпишуваат претседателот и мнозинството членови на изборните органи во непостојан состав, односно она што го напомнав дека избори* резултатите од изборите чесно ги признаваат учесниците во изборите т политичките субјекти. Такво нешто имаме во повеќе демократски земји. Ако се сеќавате знаете во една Англија ако има избори што траат во недела до 19 или 20 часот, некаде околу 22-23 часот резултатите се познати од едноставни причини што таму политичките партии ги знаат своите изборни резултати и ги соопштуваат на јавноста пред се, а после тоа исто така на некој начин тие се валоризираат.

Затоа мислам дека Владата иако на комисиите го одби овој наш амандман, мислам дека не размислува добро што значи еден ваков амандман и слените амандмани што се надоврзуваат на овој амандман околу почитување на поголемата демократичност и признавање она чесно фер-плеј признавање на изборните резултати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за нека крене рака? (21 пратеник)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 8 поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи потпретседателот Тито Петковски).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес *п*о амандманот на член 8 став 1 поднесен од пратениците Доста Димовска и Ефтим Манев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (20 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 8 став 1 поднесен од пратениците Доста Димовска и Ефтим Манев.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 8-а поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор?

(Од место се слушаат гласови дека нема таков амандман).

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Затоа вчера реков дека подобро ќе беше Владата да поднесеше еден пречистен текст на законот со нејзините нови предлози, затоа што навистина настанува забуна. Јас до сега поднесувајќи амандмани секогаш се држам до Деловникот. Ние сите поднесуваме амандмани ка предлог за донесување по итна постапка на закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници, со Предлог на закон. Значи поднесуваме на овој предлог од Владата. Меѓутоа изгледа службите на некој начин го толкуваат дека ние поднесуваме директно предлог - амандмани на законот, на постојниот

закон. И затоа доаѓа до недоразбирање. Затоа сега треба да дојде амандманот 3 каде што вели: "по членот 7 и 7-а се додава" затоа што ние предлагаме 7-а што не ни се усвои пред малку, сега 7-6 предлагаме итн. меѓутоа на овој член, на овој закон предлагаме каде што во следниот став се вели дека текстот на тој и тој член од овој закон се менува. Тоа е процедурата. Мислам дека тука е забуната која е настаната.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сега имаме ли амандман на член 8, или немаме? (Нема).

Ако немаме амандман одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9 поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Молам, кој бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Овој амандман е во продолжение на претходниот што не ни се усвои, меѓутоа морам на некој начин да го образложам затоа што со овој амандман предлагаме да изборни комисии бидат само општинските изборни комисии и да имаме државна изборна комисија. Јас не знам зошто се уште се однесуваме со една навика од нашето живеење во претходната држава каде што по некоја аналогија имавме Републичка изборна комисија, имавме покраински изборни комисии и Сојузна на ниво на таа бившата СФРЈ која повеќе ја нема. И затоа мислам дека сега сме независна држава и би требало да стои: "Државна изборна комисија", ка некој начин да се ослободиме од тоа "Републичка" итн. Меѓутоа има една новина што ние предлагаме да нема изборни комисии во изборните единици од едноставна причина чинењето на изборите да биде поевтино, изборите да бидат поевтини. Според некои сознанија и некои анализи што се вршени од стручњаци кои што се занимаваат со

изборите, начинот на нивното одржување и трошоците за изборите се дошло до сознание, така ми е пренесено дека изборните комисии во изборните единици се само терет. Таа иста работа можат да ја вршат и општинските изборни комисии, затоа што во секое избирачко место имаме избирачки одбори итн. Во тој контекст е нашето амандманско реагирање изборите да бидат што поевтини и да немаме таков обемен изборен апарат. Во тоа се состои амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Амандманот не треба да се прифати од следните причини Општинската изборна комисија треба да ја именува собранието на општината. Собранието на општината не може да му именува комисија на Собранието на Република Македонија кој треба да му спроведе избори. И тука се предлага нова организација на комисиите. Се предлага да има државна изборна комисија и општинска изборна комисија. Општинската изборна комисија која ја именува Собранието на општната треба да врши избор за локалната самоуправа, за општинските собрани ја, а да врши и избор на единиците, за изборните единки за избор на пратеници. Не може собранието на локалната самоуправа да му бира комисија за избор на пратеник во Собранието на Република Македонија. Па оттука сметаме дека и концепциски не држи ова да помине. Кај нас во законот стои дека имаме Републичка изборна комисија, Изборна комисија ка изборна единица и Општинската изборна комисија. Општинската изборна комисија служи за избор на одборници во општинските собранија, а додека Републичката изборна комисија и Изборната комисија на единицата за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Со сета почит кон министерот, меѓутоа морам да кажам дека пред малку слушнавме еден еклатантен пример на таканаречено бирократско однесување, или бирократски дух. Затоа ние велиме зошто да ги усложнуваме работите кога работите можат поедноставни. Државната изборна комисија што се однесува на изборните комисии по изборните единици ингеренциите од тие изборни комисии може да ги пренесе на општинските изборни комисии во оној домен каде што се однесува на избор на пратеници, а за одборници ние и понатаму велиме во амандманите дека навистина општинското собрание ќе ги именува општинските изборни комисии. Меѓутоа ние се залагавме дека ништо не менува, дека тие изборни комисии во постојан состав треба да бидат составени од тројца луѓе и тројца заменици, што поевтино да биде, во тоа се состои. Затоа мислиме дека нема воопшто никакво влијание да има дали ќе биде општинска изборна комисија одговорна и за избор на пратеници ако државната комисија нормално и ги пренесе оние ингеренции што требаше да ги има по нашиот предлог што ги имаше таа изборна комисија во изборните единици. Се работи за намалување на тие во изборите на еден голем бирократски апарат кој државата го плаќа, односно го плаќаат сите граѓани на оваа држава кои даваат придонеси, односно и други даноци. Во тоа се состои. Дајте да почнеме да размислуваме антибирократски, не сега некој да рече антибирократска револуција итн., меѓутоа да размислуваме како поедноставна да ја направиме државата, па и во доменот на изборите, поедноставна, поевтина итн. Во тоа се состои. Да не размислуваме со она наследено бирократско мислење што ни се врежало во главите на сите. Затоа ценејќи го министерот, сепак мислам дека пред малку искажа една таква наследена бирократска мисла.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака (18 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 9 поднесен од пратениците Стоиле Стојков и Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 за бришење на точка 4 став 2 за додавање нова точка 5, поднесен од пратениците Александар Флоровски, Ацо Спировски, Горѓи Котевски, Томислав Стефковски и Петар Темелков.

Молам, кој бара збор?

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Во членот 9 во ставот 1 точката 4 се брише, а во ставот 2 се додава нова точка 5, која гласи: "Именува избирачки одбори" а точката 5 станува точка 6. Образложение. Искуствата од досегашните избори покажуваат дека избирачкиот одбор може да влијае на гласањето што е неспорно. Па оттука ако за променливиот состав на изборната КОМИСИЈЗ врши надзор ресно е да го врши ако го именувал избирачкиот одбор. Со ова се обезбедува на партиите да обезбедат правилни избори и контрола. Со помош на овој амандман се проширува процесот на одлучувањето за именува на избирачки одбори од страна на општинската изборна комисија во променлив состав, а се елиминира можноста од манипулации сто беше случај на првите повеќе- партиски избори кога во избирачките одбори беа именувани исклучи- во пензионери од бившата ЈНА, од УДБА и други државни службеници од комунистичкиот естаблишмент со што однапред беа разрешени сите

дилеми околу изборните резултати во корист на единствената тогашна СКМ, ПДП и нејзините сателити социјалисти, реформисти итн. Неспорно е дека тие исти избирачки одбори од првите повеќепартиски избори беа тие кои на некој начин успеаа низ разни манипулации својствени само на нив да го извлечат тогашниот СКМ ПДП од катастрофата на тие исти избори. Затоа господа, сметам дека овој амандман треба да се прифати од едноставна причина што е во интерес на сите политички партии. Во спротивно почитувани пратеници, треба да размислувате за хаосот кој може да настане и за последиците кои ќе произлезат од истиот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот затоа што променливиот состав не може да бира избирачки одбор, може да се случи некаде да има само еден кандидат за избор, тоа значи ли дека едниот кандидат треба да избере и избирачки одбор. Сметаме дека избирачкиот одбор е државен орган кој треба директно да ги спроведе изборите и него треба да го именува избирачката комисија. Второ, сакам да кажам дека овој амандман коинцидира со концепцијата која ја понуди господинот Стоиле Стојков која не се прифати да општинското собрание да може да избира избирачки одбор. Мислам ќе направи правна конфузија доколку се прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЉУПЧО ГОРЃИЕВ:**

Кога беше расправата за општиот претрес за овој закон посебно го потенцирав моментот за кој треба да бидеме заинтересирани сите како партии, а тоа е контролата на самите избори. Секој оној кој учествуваше во првите избори на Република Македонија многу добро му се познати работите како се спроведуваат изборите и многу добро и јасно му е дека во целата таа постапка на спроведување на избори многу малку има влијание републичката изборна комисија, многу малку имаат влијание општинските изборни комисии и дека главниот клуч, главниот момент дали ќе се фалсификуваат из- борите се токму избирачките одбори. Процедурата и постапката ни е многу јасна. Мене ми се многу прифатливи овие фини објаснувања од страна на министерот на Владата на Република Македонија господинот Туше Гошев како сето тоа ќе се одвивало на фин начин и дека избирачките одбори се државни органи. Сите ние го имаме искуството од првите избори во Република Македонија и од изборите кои се повторуваа после за три, четири пратеници дека токму тие избирачки одбори се центри, се места каде што владеачката коалиција и власта на Република Македонија манипулира со изборите. Ние знаеме какви избирачки одбори имаше во некои градови кои денеска можеме слободно да ги наречеме дека се феуди, сеуште постојат во Источна Македонија како што се во Крива Паланка, Кратово, Берово, Делчево, или вакви помали места каде што буквално сеуште имаме феудален систем во управувањето со тие градови. Што се случува во тие градови? Кои се избирачките одбори кои се именуваат од страна на Владата, каде што овде господинот Туше Гошев ни објаснува на фин начин дека се тоа државни органи и затоа треба да имаме голема доверба во тие државни органи. Се работи за она што ние постојано го зборуваме. Се работи за луѓе кои веќе 30, 40 години наназад се извежбани како да прават избори во комунистичкиот

систем како да спроведуваа референдуми во градовите, па сега на тој начин нели имаме референдуми кои успеваат по градовите за одредени прашања, иако излегуваа! само 20% од населението, некаде и помалку, ги знаеме многу добро тие состави на тие избирачки одбори кој ги составува, кој ги именува и на кој начин тие избирачки одбори се формираат. Оттука мене навистина ќе ми биде многу жал доколку владеачката коалиција не сака да биде малку еластична па со тоа да докаже дека навистина сака фер и чесни избори. Со прифаќањето на овие амандмани еве што неколку се понудуваат овде во овој македонски Парламент, јас навистина сметам дека власта во Република Македонија, Владата во Република Македонија навистина ќе докаже дека навистина сака да спроведе чесни и искрени избори во Република Македонија. Во спротивно и понатаму доколку не се прифаќаат ваквите амандмани навистина и понатаму ќе остане големиот сомнеж дека и понатаму ќе имаме избирачки одбори кои се составени едногласно само од партијата СДС. И оттука и не гледам причина зошто да речеме еден ваков амандман да не биде прифатен од пратеничката група на ПДП-НДП, дури и од пратеничката група на Либералната партија, затоа што знаеме дека нивното влијание и во формирањето на тие избирачки комисии ќе биде далеку понемоќно и далеку послабо, а дека главниот фактор ќе боде токму онаа партија која директно ги наследува тие избирачки одбори од стариот систем, комунистички систем каде што тие беа пред се претставници на Сојузот на комунистите на Македонија, чиј наследник денеска е токму партијата СДС на Република Македонија и каде што нема да имаме ништо друго, туку една структура на изби- рачки одбори кои ќе бидат само претставници на една политичка партија и ќе ги спроведуваат политичките интереси само на една политичка партија, а тоа е Социјалдемократскиот сојуз на Република Македонија денешен. Оттука сметам дека навистина коалиционите партнери и самата Влада

да покаже навистина една вистинска демократија во Република Македонија, да не оди на една вулгарна политика во која на избирачките одбори ќе седат само нивни луѓе, туку навистина кога зборуваме за контрола да зборуваме за вистинска контрола на изборите, не да имаме само претставници, некој ги спомнуваше дали се тоа пензионирани удбаши, дали се пензионирани старешини, не сакам да навлегувам во квалификацијата какви се тие луѓе, меѓутоа сите ние добро ги знаеме која е таа гарнитура на луѓе,кој ни седи по избирачките одбори. Оттаму ние знаеме безброј примери посебно во тие градови што пред малку ги спомнав како што беа Кратово, Делчево, Берово, Крива Паланка каде што имавме случаи избирачкиот одбор ја зема кутијата, избирачката кутија и на лице место заменува избирачка кутија која е подготвена некаде во некој ходник и на тој начин се прават комбинации какви што сакаме. Навистина сметам дека власта во Република Македонија, Владата во Република Македонија ако самата сака да ги одбегне сите етикети кои можат да и се налепат подоцна на неа дека ги фалсификува изборите, дека прави недемократски избори, да покаже една поголема флексибилност токму во овие амандмани кои се однесуваат на поголемата контрола, не поголемата контрола, туку на вистинската контрола која мора да се спроведе на едни избори без разлика дали се прават во Франција, Германија, или во наша Република Македонија. Оттука сметам дека овие амандмани ништо суштински не менуваат во концептот на Владата, ништо содржински не менуваат во концептот да речеме на Владата на она што сакала да постигне со овие избори, тоа е само еден технички елемент, тоа е еден технички момент со кој се подобрува контролата на изборите. И навистина не гледам причина зошто би се одбило и не би се прифатило а посебно не гледам причина зошто против еден ваков амандман би гласала пратеничката група на ПДП и пратеничката група на Либералната партија. Јасно ми е зошто

ДС нема да гласа за овој амандман, знае ме дека контролата на тие избирачки одбори е потполно нивна досега и токму не гледам причина зошто да не се либерализира, односно демократизира токму овој момент од изборниот закон.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Прво, принципиелно сакам да кажам дека тука станува збор за државен орган и не може повремен состав да го конституира еден државен орган. Принципиелно Владата е за фер избори и за законити избори, за демократски избори за остварување на правната држава и законите. Ако појдеме од тоа дека променливиот состав е составен од кандидати кои имаат свои кандидати за избор на таа изборна единица. Тоа значи дека избирачкиот одбор треба да биде збир на партиите кои имаат свои кандидати во таа изборна единица. И може да замислите вие овој избирачки одбор како може реално да ја остварува и законито да ја остварува таа функција. Баш обратно. оваа насока би довела да дојде до недемократски избори, до притисок на бирачи, до фаќање на бирачите уште со доаѓањето од вратата, до заблуди и може да дојде до тотална конфузија на остварувањето на функцијата на избирачкиот одбор. И ако ги погледнете вие овластувањата кои им се дадени на повремениот состав, а тоа е дека се грижи за законито спроведување на изборите и отповикувањето на одборници' те, врши надзор над законитоста на работата на избирачките одбори. Тоа значи дека променливиот состав ја надгледува работата на избирачкиот одбор дали тој законито, или незаконито работи, составува заедничка листа на кандидати за одборници, ја огласува и ја објавува, ги утврдува и објавува резултатите од гласањето за избор и отповикување на одборници, дава согласност на законот каде за заштита на правото од избор да поднесува приговори, жалби на кандидатите итн., баш во обратна насока, ние сметаме дека ако

повремениот состав кој е партиски состав дозволиме да тој ги бира избирачките одбори, тогаш основно можеме да се сомневаме дека во Република Македонија ќе има фер и демократски избори.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека во последниот саат време се случува нешто интересно во Парламентот, а тоа е обидот на серија дискутанти од страна на опозицијата да одиграат една улога на луѓе кои дават оптужби без аргументи и со тоа фрлаат практично прашина во очи на сите, без да се водат од правилото дека нешто е така ако е докажано.

**НИК0ЛА ПОПОВСКИ: (**продолжение)

Поради тие причини, мислам она што се набројуваше од последните неколку дискутанти, пратеници од оваа говорница, е сосе: не во ред. Тоа е првото што сакав да го кажам.

Второто, е мислам дека опозицијата,а тука пред се мислам на партијата ДПМНЕ, води политика на алиби уште од сега, затоа што сите евентуални неуспеси на изборите, уште од сега ги осуетува, со тоа што тие ќе бидат не фер. Мислам дека таа политика на алиби нема да помине кај јавноста.

И трето, ако сешто поминало во последните 50-тина годи; се препишува дека денес е СДС, тогаш цела пратеничка група на ДПМНЕ без исклучок исто така е СДС. И тогаш биле таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам за една процедурална напомена, кога зборувам< за субјекти кои постојат врз основа на закон, да се употребуваат и нивните имиња и називи како што се во законот регистрирани, како и партиите што се спомнати.

Процедурално се јавува г-динот Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Особено почитуваниот претседател на Собранието му заблагодарувам на оваа забелешка, јас навистина не требаше да кажам само ДПМНЕ, меѓутоа го поканувам така да реагира кога и пратениците ДПМНЕ ословуваат и други партии.

IX/2.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Никола Поповски да се држи за процедурална интервенција, а да не го пучува претседателот зашто тоа право го нема.

Има збор г-динот Љупчо Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

При моето повторно јавување со што немам намера да

му реплицирам на пратеникот Никола Поповски, сметам дека тој најдобри реплики самиот на себе си дава. Што се однесува до дискусијата на министерот за правосудство, сметам дека тука има простор за дискусија и сметам дека тој многу добро го разбрал моето излагање што беше во Парламентот. Нормално, тој има право на свој принципеилен став што го изнесе овде. Меѓутоа, токму тој тоа што го кажа, треба да биде негативно, јас сметам дека може да бидеа најголемата позитивнсот и тука е таа принциелна дискусија што можеме да ја водиме со него, токму во тоа да се убедиме дека вистинската контрола на изборите во РМ може да се постигне токму на тој начин, кога контролорите на избирачките одбори ќе бидат претставници на политички партии, а не некакви фиктивни, неаргикулирани граѓани, за кои прво никој не знае кој ги поставува, ниту знаеме по кои критериуми ги поставуваат и кои се тие луѓе што ги поставуваат. Тоа е праксата досега што ја имавме сите ние, кои учествувавме на едни, други или трети изборни места. И токму во тоа е нашето залагање. Каква може да бидеме, токму тоа што вие го кажавте, лично сметам дека е најголемата гаранција дека изборите можат да поминат без фалсификати. Замислите вие, кога на еден избирачки одбор на една изборна кутија ќе седи еден контролор од ВМРО ДПМНЕ; еден од СДС и еден од ПДП-НДП. Има ли поголема контрола за таа изборна кутија дека на таа изборна кутија нема

да има фалсификати. Која е логиката за која размислуваме? А што вие ни нудите? Вие ни нудите, наместо претставник да речеме и на Либералната партија или на ВМРО-ДПМНЕ, ни нудите некои фиктивни три граѓани , некакви апстрактни граѓани, бидејќи никој, ниту јавноста во РМ, ниту политичките партии не знаат кои се тие три граѓани што ќе стојат за таа изборна кутија. По кои критериуми тие три граѓани се ставени. Навистина кажете ни вие еден критериум според кој тие три граѓани во избирачките одбори ќе бидат поставени зад изборната кутија. Дали затоа што имаат високо образование, дали за тоа што долго работеле во државни орган дали затоа што претходно учествувале во изборите, дали затоа што се политички независни, дали затоа што се доктори, дали затоа што се инженери? Едноставно нема критериуми според гои вие ќе ни каже- те дека тие тројца претставници што стојат зад избирачката кутија, која е нивната улога таму, кој е критериумот според кој се поставени таму. Зошто токму тие тројца, а не други тројца. Тоа е она за што сметаме и за штос е залагаме и сметаме дека може да биде најголема придобивка ако се усвои ваков еден амандман, каде што контролата на изборната кутија нема да ја зоди никој друг, не некакви апстрактни граѓани, туку ќе ја зодат токму именувани граѓани, претставници на политичките партии. Вие велите дека уште на самиот влез ќе се буткале за да го фатат гласачот да гласа ваму или онаму. Извинете за тие тројца луѓе што хе седат зад изборната кутија ќе важат сите оние други законски регулативи што ќе важат и за таа апстрактна комисија; Се знае дека тие тројца луѓе што ќе седат зад избирачките кутии се луѓе што се поставени, покрај другото да ги почитуваат сите оние обврски што им се дадени со законот. Ако некој не ја почитува законската обврска, тој може да биде исфрлен од тој изборен одбор. токму и затоа го повторувам тој момент токму затоа што го реков и

претходно дека ако на СДСМ не му одговара затоа што има едно наследство на тие избирачки одбори, тогаш не гледам ни една причина на ПДП НДП или на Либералната партија или демократската партија или некоја друга, да не им одговара ваков избирачки одбор, затоа што само преку јака партиска контрола каде што контролата ќе биде спроведувана директно од партиски луѓе, можеме да зборуваме дека таквата контрола ќе биде до крај успешно изведена. Тоа е она што го имаме како искуство од овие избори што досега се спроведуваа. Се друго се зборува и се остава простор за одредена манипулација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас се извинувам што повторно се јавувам, но да кажам дека контролата е обезбедена и од партиите и од повремениот состав 24 часа. Сакам да кажам дека во РМ има 45 регистрирани или 50 политички партии. И тие 50 партии ќе имаат свој кандидат за избор. Закон г-динот Љупчо Георгиевски ќе избере тројца кандидати од тие 50 партии. Дали тие ќе имаат собрание и да се испотепаат меѓу себе и да видат кои се тие тројца што треба да седат зад кутиите. И дали тие 50 партии што се присутни на кандидатската листа секоја треба да има свој кандидат во избирачкиот одбор за рамноправност, па избирачкиот одбор да брои 50-еесет луѓе. Мислам дека ниту технички, ниту правнички, а ни принципиелно не може да го состави избирачкиот одбор на ваков начин.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г -динот Георгиевски сега во реплика.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Сметам дека овој член е многу суштествен и амандманот исто така е суштествен и сметам дека дијалогот сигурно нема да биде излишен. Ги прифаќам аргументите што ги спомна г-динот министер. Меѓутоа, истото тоа јас можам да му го поставам прашањето што пред малку го загатнав. Тој рече дека има 50 политички партии и како ќе се изберат тројцата. Јас сум сигурен дека политичките партии можат многу лесно да се договорат. Во еден избирачки одбор би можело да се стави еден претставник на левицата, еден преставени на десницата и ако треба еден претставник од некоја националност на РМ.

Второто, со амандман да се реши проблемот каде што ќе се рече дека претставниците на партиите, на парламентарните партии се тие што ги одредуваат избирачките одбори, додека вон- парламентарните партии се контролори го предложуваат начинот на контролата. Меѓутоа, ако е тоа тешко, тогаш јас ви го поставувам веднаш прашањето на кој начин сега вие ќе ги изберете избирачките одбори. Вие овде рековте дека имате голема конкуренција, затоа што имало 50 политички партии, меѓутоа кажете ми вие под кој критериум во една општина, односно избирачко место од 15 илјади жители, од тие 15 илјади граѓани на кој начин ќе ги изберете тие тројца луѓе што ќе седат во избирачкиот одбор. Ако успеете да ми одговорите на тоа прашање и да ми кажете еден критериум по кој тие тројца граѓани ќе седат во избирачкиот одбор што вие ги избирате, тогаш јас навистина, ќе речам вашите аргументи се точни Меѓутоа, ќе видите многу лесно дека не постои во овој момент ниту

еден аргумент,според кои се бираат тие тројца луѓе во избирачкиот одбор. Постои само еден единствен аргумент, а тоа е да се "наши луѓе", според оној стариот систем, да се наши луѓе кои ќе можат што подобро да ги фалсификуваат изборите. Нема друг аргумент. Ако успеете еден аргумент да ми кажете јас ќе речам дека сте во право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мислам дека се даде добро образложение до сега од пратениците на ЦМРО ДПМНЕ за поднесениот амандман. Ние предлагајќи го овој амандман одиме на фактот дека во претходните избори избирачки одбори одиграа пресудна улога би рекол за победата на СДСМ во изборите во Македонија. Оттука, тргнувајќи од тој факт и од тоа сознание една нелогичност ние сакаме да се измени. А тоа е дека изборната комисија во променливиот состав кога веќе е овластена како што ни прочита министерот, да врши надзор над законитоста, а надзор над законитоста логично е да врши оној што ја именува таа комисија. Во тоа е суштината на поднесениот амандман. Инаку воопшто не држи она образложение на министерот 50 политички партии Нашите амандмани имаат контекст на една логика, па ако ги проследи] натамошните амандмани, доаѓаме до еден заклучок. Ние не сакаме да бидеме нескромни, па ќе поднесеме еден амандман во кој што ќе речеме дека само политичките партии кои- што имаат повеќе од 100 илјади членови можат да предлагаат кандидати за пратеници. Ама, веднаш го решаваме проблемот со избирачките одбори. Се знае дека во РМ само ВМРО ДПМНЕ и ПДП можат да се пофалат дека имаат такво членство. И оттука

не држи воопшто образложението што го дава министерот. Од друга страна, да се разбереме имаме 2000 изборни единици иако една политичка партија која сериозно мисли да ја преземе власта, не може да обезбеди луѓе во избирачките избори, мислам дека апсурд со одбивањето на прифаќањето на овој амандман, јасно е дека се дава предимство на оние партии што се кабинетски, салон- ски, како да ги наречеме, кои што не можат да предложат не само кандидати во сите изборни единици, туку не можат ни во Скопје да предложат. А ние сметаме како Република можеме и мораме само со сериозни партии со бројно членство да одиме напред. Во тоа е суштината.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ацо Спировски.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, принципиелни објаснувања од едноставна причина што овој концепт што го нуди министерот беше запазен во претходните избори и истиот не ги даде очекуваните резултати. Толку нелогичности и неправилности се јавија во една така наречена мала државичка, така морам да се изразам, затоа што морам и да споредам дека во САД едно огромно членство, една огромна маса која гласеше од преку 200 милиони луѓе, па изборите завршија за 10 дена. Можеби можеше нешто повеќе да се каже кога веќе одиме на овие работи, некои нови решенија, некоја нова техничка опременост, нова компјутеризација што ќе даде особени резултати на брзо дознавање на изборите и на нивната регуларност, можда во некои нови технички решенија зашто 2000-та година е на прагот. Ние ако ја задржиме старата пракса, да гласаме на ист начин, да се поставуваат некои завеси, па некое криење

на кутии, навистина е срамота и недозволено. Несфатливо е да дозволиме еден кандидат да оди трипати на гласање. Сепак, треба да се прифати нешто ново од ова што сега се нуди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-дин Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас само да спомнам, не е на одмет, неколку одредби од постојниот закон. Во член 11 од Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници стои дека општинската изборна комисија ја именува Собранието на општината. Во ставот 2 се вели дека Републичката изборна комисија и изборните комисии на изборните единици ги именува Собранието на РМ. Според тоа, ние три члена на Општинската изборна комисија во Битола ќе ги избере Собранието на Битола, во Скопје Собранието на Град Скопје, во Крива Паланка Собранието на општина Крива Паланка. Тука нема никакво сомнение. Станува збор за Републичката изборна комисија и изборните комисии на изборните единици. Тие ги избираме ние, Собранието на РМ. А по кои критериуми? Тоа се истите тие критериум! како кога Комисијата за избори и именувања му предлага на Собранието да бира, да именува, да дава согласност, да формира комисија и сл. Тоа се тие критериуми. Сега заради тоа што многу политички партии, особено помалите приговараа дека се фаворизираат големите политички партии, па ако го прифатиме овој метод, зарем не значи тоа мајоризација од големите политички партии над помалите, или монопол за тоа што сме ние во Собранието, па да ги вклучиме сите други. Или овој клуч што го предлага г-дин Стефковски, само големите партии со толкав број на членови, а другите

омали на страна и се исклучени од политичкиот живот. Според тоа овде се прави обид тие тројца луѓе што се членови на избирачките одбори, односно Општинската изборна комисија, да можат да вршат контрола над нивна- та работа, над законитоста. А тоа значи дека секоја политичка партија над тие тројца, кои што кандидираат свои кандидати пред Општинската изборна комисија или Републичката, имаат право да делегираат свој член и свој заменик со променлив состав, кои постојано учествуваат во работата на Изборната комисија односно на избирачките одбори. Тие постојано надгледуваат од отворањето на избирачкото место, до завршувањето, до заклучувањето на гласањето. Кој е тој начин, на кој може таа изборна комисија односно избирачките одбори да сокрија- нешто од Комисијата со променлив состав. Според тоа, критериумите се тие што ги утврдуваат општинските собранија односно Републичкото собрание. Нема други критериуми. Дали се тие најобјективни, па јас да ве прашам, дали ние секогаш ги наоѓаме кога ни ги кандидираат претставниците во Комисијата за избор и именувања, најдобрите луѓе, да ги избираме на сите места за кои Собранието дава согласност или ги избира во определени одбори, комисии, пратенички групи итн. итн. Не треба априори да се сомневаме за нешто за кое со овој Закон се конституира висок степен на контрола од страна на политичките партии кои делегираат свои претставници во постојан состав, односно во променлив состав, и член и заменик на таа Комисија, односно одбор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Стефковски реплика.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, кога пред малку реков дека нашите амандмани имаат одредена смисла и претставуваат една логика, еден контекст на разработка на системот на Законот за избори, ние зборувавме за општинските изборни комисии. Незнам господинот Петковски од каде најде, бидејќи ние веќе во наредниот амандман ќе зборуваме исто така за Републичката изборна комисија и изборните комисии по избирачки места. Во контекст на ова што сакам да го кажам јасно е дека поголемите партии се тие кои се способни да одговорат на секоја обврска што произлегува од Уставот и никаква тешкотија нема да има во ова Собрание во однос на утврдувањето, предлагањето и давањето на кандидати. Од тука, во смисла на се она што го реков, ние господине Петковски треба да знаете предлагаме амандман со господинот Стоиле каде велиме дека се бришат членовите 11 и 12.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, ќе кажам еден пример во однос на досегашните избори, но не е само тој, туку има повеќе такви примери за кои се поднесуваат овие амандмани за измена и дополнување на овие избирачки списоци. Зошто ги залажуваме и пратениците и избирачите и другите. Зошто фрламе врела вода во очи за заладување. Тука беше речено дека комисијата ќе предложи избирачки одбори за општината. Но, која е таа општина на која републичката комисија ќе му ги даде тие кандидати. Тој избирачки одбор ја извршува целата работа во

избирачките места. Не се лажете со оној еден претставник, важни се оние тројца што ќе го потпишат записникот и што ќе го достават на републичката или општинската комисија. Ако се согласи едниот претставник од партијата ќе рече за инает дека не доби неговиот пратеник или одборник затоа протестира. Ако не е така, зошто четири пати ги поништивте изборите во Струмица ако му верувавте на тој избирачки одбор? Зошто ги поништувавте? Тоа значи наместените да победат, но кога имате доверба во тие избирачки списоци во тој избирачки одбор зошто ги поништивте 4 пати. Се служите со страшна демагогија, се служите со голема стара лага, ги залажувате избирачите и сите граѓани на Македонија дека ние чесно ги спроведуваме изборите, а под друга маска друго му кроите. Престанете бре еднаш и излезете еднаш фер на избори, па кој ќе добие нека добие, зошто со вакви закалупени калапи турате тули и само со овие тули ќе се гради, а други тули не употребуваме. Ако има полно фабрики што градат

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Мицевски, многу викате не се слуша ваму кај нас. Навистина внимавајте и малку потивко. Ве молам можеби е таков одекот, но сакам да ве следам.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Затоа избирачкиот одбор треба да биде составен од сите партии за да не се повторат оние гнасни свињарии до сега што е правени на овие избирачки места. Ние знаеме како се спроведени изборите, знаеме колку пати кандидати на ВМРО се повторуваа а колку пати се повторија на

другите кандидати. Еве ја чесноста тука проверете ја чесноста каде е. На сите напи кандидати им беа поништувани по два три пати, а господата од СДС тие се добри, тие се правилни избори, ете затоа треба да има од сите партии во одборот затоа што кога ќе го напишат записникот никој нема да се согласи за друга работа, туку ќе ја брани својата партија и тогаш за мене е тоа целисходно гласање, правилно, тогаш ќе речете дека еве дадовме демократија на народот да бира, а не да му предложите избирачки одбор. Кој ќе го предложи од град Скопје кандидатот за републичката изборна комисија? Ова Собрание. Кој ќе ја формира таа комисија од ова Собрание? Ние ќе ја формираме? Ако ние ја формираме таа комисија, тогаш да не ја формира Владата? Тоа е работата. Затоа треба да се почитува ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Овде беше на повеќе пати искажан став во контекст на овој амандман за позицијата на наводно големите партии. Јас сметам дека не може никој по само едни слободни избори без верификација барем два пати да тврди дека е голема партија заради фактот што избирачкото тело во Македонија доминантно е емотивно и барем би бил голем ризик однапред да се тврдат такви нешта. Лично сметам дека и околу големите партии ќе следат деманти на наредните избори. Тоа што сакам да укажам тоа е моето несогласува со еден исказ на ВМРО-ДПМНЕ кога зборуваше господинот Стефковски зборуваше за големите партии кој на

посреден начин го призна, спрема неговото искажување, легитимитетот на ПДП-НДП за свој партери и тоа доминантни партнери во распределба на власта во Македонија. Ова го укажувам заради тоа што следеа и ќе следат амандмани каде што истата партија ќе го оспорува легитимитетот на политичкото дејствување на малцинствата и нивното право да се борат за власт во РМ. Јас, навистина не знам што е вистинскиот став во случајот на ВМРО-ДПМНЕ.

Трето, мора да изразам сомневање во демократичноста до колку околу позицијата на ВМРО-ДП треба да одлучува ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи, за жал, не бев присутен за ова да прозборам, но имав прилика да видам како тие демократично решаваат од позиција на голема партија за позициите на оние кои се легитимни политички субјекти во РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, факт е дека во овој момент во РМ само ВМРО-ДПМНЕ и ПДП имаат членство преку 100 илјади. Тоа не треба никого да загрижува. Проблемот се јавува кај малите партии од фактот што, како што се искажа господинот Голубовски дека се дава легитимитет на ПДП. ПДП како политичка партија е уредно регистрирана. Оној момент кога ќе изгласаме она што ние предлагаме во нашите»амандмани да имаат право, да немаат право, ако дигнеме рака, се разбира, и ако се вклопуваат во системот, јасно е дека ПДП како политичка партија не може да дејствува на политичка сцена во Македонија, но се во рамките на законот. Од тука господинот Голубовски

треба да сфати дека кога ние дадовме амандман во однос на членот 9, во однос на членот 10 ние сме јасни во една определба, а тоа сакам да се знае и на министерот веројатно ќе му помогне дека тоа Собрание кое ќе именува изборна комисија треба некој да го храни со луѓе. Нема веќе Социјалистички сојуз, нема веќе кадровски комисии, мислам кадровски листи, едноставно политичките партии се тие кои ќе понудат луѓе на Собранието. Од таа листа се избираат избирачките одбори и т.н. Со ова јасно се кажува дека само голема политичка партија може да учествува во изборите, а секоја друга ќе бидат само попатни. Од тука сметам дека ВМРО-ДПМНЕ^има повеќе од 100 илјади членови во секој момент не треба да предизвикува завист кај никого.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само една напомена. Јас ги разбирам желбите од оваа говорница да се искористат можностите за пропаганда на партиите, но верувајте не е коректно према другите партии да се зборува оволку членови, онолку членови кога тоа може да биде точно само ако е публицирано од меродавна институција.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас како и до сега би бил првиот што ќе ги поддржувам вашите напори доколку не ја изгубив довербата дека вие декларативно господа настапувате и дека на една од најделикатните теми и она што не оптоварува денеска во Македонија, правите шпекулации и уште повеќе ги доведувате во една збунувачка позиција македонските граѓани.

А за тоа околу 10 0 илјади членови и други работи да причекаме да покажат наредните избори.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас немам намера да реплицирам на господинот Голубовски едноставна причина ВМРО-ДПМНЕ се докажа како политичка партија со резултатите и од дополнителните избори. Земете ги само бројките ќе видите јасно' кои се политичките снаги во РМ, неспорно е тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, се што сакате да напишете напишете си во статија во весник, како сакате напишете, разберете дека е ова Парламент и држете се малку до тоа. Зборувајте за амандманот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ние добро знаеме дека од сите дополнителни избори само на едно ВМРО-ДПМНЕ успеа да влезе и тоа затоа што македонската левица го допушти тоа и тоа и беше падот дефинитивен на ВМРО-ДПМНЕ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, ете гледате ли на кој начин ќе ја водиме расправата натаму. Дајте да зборуваме за амандманот.

Има збор господинот Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, сметам дека е од интерес на сите нас овде кои седиме во оваа сала, а и сите оние политички субјекти кои не се

застапени овде во овој Парламент да создадеме услови и можности во РМ да се спроведат чесни избори, како што е случај во сите западни земји.

Од тие причини за мене овој амандман е прифатлив и ќе гласам за него, бидејќи сметам дека нуди еден степен на по- голема чесност, степен на поголема контрола при изборите.

Исто така сметам, а тоа искуството од првите повеќепартиски избори ми го кажува дека најголемите малверзации се правеа токму од членовите од тие избирачки одбори. Членовите на избирачките комисии општински и изборни комисии тврдам дека многу совесно и многу чесно си ја извршија својата задача за разлика од членовите на тие избирачки одбори кои беа на самите изборни кутии кои си дозволуваа луксуз дури наредниот ден, тоа го тврдам бидејќи го гледав со свои очи, дури наредниот ден ги носат избирачките списоци, гласачките ливчиња и тоа еден единствен човек да ги носи, што значи дека сите избирачки ливчиња цела вечер преноќиле кај некого дома. Тоа не смееме да го дозволиме за овие избори затоа што, ако го дозволиме тоа, ќе отвориме простор за сомневање на тие што ќе ги изгубат изборите.

Исто така сметам доколку не се прифати овој амандман, јас имам поднесено амандман, се однесува на овие избирачки одбори се надевам дека сега во текот на седницата ќе ни биде поделен да во овие избирачки одбори не можат да бидат кандидирани лица кои се пензионери од проста причина што мислам дека имаме цела армија од 200 илјади невработени млади луѓе и треба да им овозможиме на тие луѓе кои се способни, кои се во подобри години, помлади години кои немаат обврски на други места да ја извршат оваа граѓанска должност и да им се заблагодариме на старите лица од причина што мислам дека

многу поекспедитивно, многу поефикасно можат помладите луѓе да ја извршат оваа граѓанска должност.

Повторувам, изворот на сите манипулации беше, искуството тоа го кажува, во овие избирачки одбори и мораме да најдеме начин и да создадеме механизам да се избегнат манипулациите затоа што е од интерес на сите нас да спроведеме чесни и поштени избори во РМ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам колеги јас навистина сакам да слушнам дали има земја во која избирачките одбори не ги избира државен орган. . Ако има таква земја, молам да се посочи дека во таа и таа земја избирачките одбори ги именува некое тело кое ад хок се собрало а не државен орган, па на таа основа да разговараме. Еве малку да го упростам прашањето.

Амандманот на група пратеници на ВМРО-ДПМНЕ предлага само изборната комисија во променлив состав да ги избира избирачките одбори. Не предлага промена во составот на избирачките одбор Значи, таму стои по Законот избирачките одбори се составени од три члена претседател и двајца членови. Ајде, еве да бидеме малку фрагматични кога би го бирале ние Собранието би избирале избирачки одбор да речеме во една општина.' Како би го избрале? Од тие тројца. Ќе утврдиме критериум дека само од трите партии овде што имаат најмногу пратеници во Парламентот? Само од тие? Значи, ВМРО-ДПМНЕ, СДС и ПДП ќе имаат свои членови во составот на избирачките одбори и никоја друга партија. Дали тоа значи? Еве проблемот да го упростиме. Ако е тоа целта кажете да се до- говориме овде тогаш да се исфрлат од игра сите други политички партии, парламентарни и вонпарламентарни ако се нема доверба во собранието на општината. Или , еве да земеме ако

конкурираат 15-16 политички партии за изборите во определена општина. Избирачкиот одбор како? Ќе се состанат тие политички партии кои кандидираат свои кандидати за пратеници 15 или 16 и ќе изберат тројца членови на избирачкиот одбор. На која основа ќе ги изберат? Според тоа, ве молам сепак првото прашање го поврзувам со второто логично ако има држава посочете една држава во која избирачките одбори ги избира ад хок тело што се состанува тогаш кога се прави изборната листа.

Второ, како практично ние би го решиле во функција еве на изборна комисија која ќе треба да состави избирачки одбор од три члена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Муртезани.

XI/1.- ДВ-ВБ

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Господине претседателе не би сакал да дискутирам за амандманот, меѓутоа од дискусијата на господинот Голубовски се осеќам повреден поради тоа што истиот го употребува зборот албанско малцинство. Во Уставот на РМ кој е на сила, таков терми не постои, поготово за мојата нација. Без разлика што моја волја е, меѓутоа Уставот е каков е. Јас ќе сторам се по, демократски пат да го изменам со тоа што ќе се осеќам како што се осеќам.

Меѓутоа, ако и понатаму господинот Голубовски инсистира и го злоупотребува ова име јас ќе земам за право пред јавноста на Македонија и пред ова Собранието секогаш да излегувам после него и како противмерка на оваа злоупотреба секогаш би го повикал македонски отпадник односно отпадник на македонскиот народ, со тоа што не сакам да ги навредам чувствата на македонскиот народ за што он не мисли како што мисли Голубовски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас секогаш кон сите вас апелирам овде. Вие ги стварате и законите и Уставот и ако сакате тие да се почитуваат прво во вашите и во нашите настапи да ги почитуваме. Тоа е мојот апел и кон вакви случаи кога не се употребува уставен термин овде и кога не се употребуваат и законските термини. Тоа е основното што мислам оти таа слобода која си ја даваме, можеби мислиме посликовито зборуваме можеби во суштина ја одразува слабоста на другите аргументи кои ги наведуваме. Затоа, ве молам, се додека сме овде во Собранието не обврзува тоа што ние сме ги обврзале сите граѓани, да се држиме до уставните и законските термини.

Бидејќи господинот Голубовски беше спомнат бара право на реплика.

**ВЛАДИМИР Г0ЛУБ0ВСКИ:**

Воопшто не ме интересира што вие ќе зборувате за мене и мислите. Вие за мене секој пат ќе бидете малцинство во оваа држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас само ве молам овде да зборувате и да ги употребувате тие термини за кои јас ви кажав и така како што треба, да би биле почитувани ние сите ако сакате, од народот. А тоа што од вас секој чувствува можете надвор од говорницата секаде да си кажете.

Господинот Муртезани пак сака да интервенира.

(Се слушаат гласови во салата дека Муртезани не е спомнат

Па сигурно нема да му се обрати со ти, му вика со ви, му се обраќа мене.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Очигледно претходниот дискутант не ја сака Република Македонија. Колку ја сака нека го цени македонскиот народ. Според тоа он нека вика што сака, меѓутоа и јас го задржувам истото право она што го реков и секогаш ќе го повторувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам вашите права, задржете си ги чувствата секаде и кај што сакате. Овде држете се до Уставот, законите и Деловникот

Има збор господинот Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, колку и да сакав да останам настрана од целокупната досегашна дискусија морам да кажам дека и во денешните услови и учество во дискусијата имам

еден впечаток дека често се заборава што во текот на вчерашниот ден одделни пратеници овде дискутирале, а што денеска изнесуваат како одредена аргументација.

Јас би имал или би сакал да имам разбирање за сите овие наводни демократски заложби, посебно на пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ доколку денеска некој од нив станеше и да се огради од вчерашната изјава на господинот Стоиле Стојков каде што имавме еден борбен поклич дека доколку во Република Македонија оваа година не се реализираат изборите според желбите и интересите на оваа пратеничка група и оваа партија, ќе биде отворена граѓанска војна. Мислам дека тоа е една изјава која веројатно, доколку наидеше на една реакција посебно од сопствените редови, мислам дека ќе беа сите нивни денешни заложби за демократски фер избори многу поуспешни.

Јас би им советувал војната што ја имаат во сопствените редови како пратеничка група да не^ја пренесуваат на целокупната македонска јавност. Мислам дека после вчерашните инцидентни појави во оваа сала станува. јасно и на нивните симпатизери за што станува збор во оваа група.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стоиле Стојков е спомнат и бара реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитуваниот пратеник од бившата СКМ а сега СДСМ овде од оваа говорница пред малку изнесе ноторна лага. Може да ги земе стенографските белешки од вчера, јас ќе ги повторам зборовите затоа што имам многу добро памтење а вие ако немате добро памтење земете ги стенографските белешки и прочитајте што сум кажал. Ќе повторам што кажав вчера и стојам на тоа.

Ако вие господа кои, вчера немаше пренос, меѓутоа бевте толку некултурни од СДСМ, толку бевте некултурни што не ги оставаат три - четири наши пратеници да си го изнесат своето мислење, за тоа што цело време средствата за јавно информирање ве прават дека сте најкултурни пратеници. Меѓутоа, вие бевте толку безобразни вчера.

**СТОЈАН АКДОВ:**

Ве молам бирајте зборови.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ :**

И затоа ви кажав ако пробате како пратеничка група односно како партија СДСМ на сила да ги добиете избори, на сила ќе ви биде одговорено и ќе бидете предизвикувачи и виновници за граѓанска војна во Македонија. Тие зборови ги кажав вчера. Тие стојат.

Слушајќи ја денешната расправа и предлагајќи ги нашите амандмани кои се демократски, гледајќи ги вашите заложби дека не сакате да гласате за такви работи, останувам на уверувањето дека останавте тоталитаристи. Меѓутоа, ви кажувам, тоталитаризмот во Македонија е минато време. Ако сакате воена диктатура, полициска нарочно диктатура затоа што гледам дека војска не сакате да имате македонски и тоа сакате да имате своја лична партиска полиција. Ако сакате со полицијата да ги добиете изборите верувајте дека нема да ги добиете затоа што на сила се одговара со сила. Тоа е вистината во сите демократски земји. Само демократски, чесни избори. Затоа предложивме вакви амандмани, меѓутоа вие сте глуви на чесноста на изборите, глуви сте за демократија.

И сакам уште една работа да кажам овде. Нас не ни треба овде државната безбедност да ни праќа двајца пратеници кои се дежурни кога тензијата друг ја ствара, кога се заложува некој за правите права на македонскиот народ во оваа држава, а што вие заедно со вашата коалиција му ги оспорувате, давајќи им на вашите членови такви права.

Секогаш се јавуваат двајца пратеници тоа се господинот Голубовски и господинот Муртезани кои тука се јавуваат и нарочно прават тензија, демек тие се заштитниците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ќе ја испуштиме работата, нема да оди како што планираме. Сакам само да ви обрнам внимание, сочувајте ги нервите и не си земајте толку право во име на граѓаните на Македонија да најавувате граѓански војни. Сакам да ви кажам дека тие граѓани имаат толку многу ум што нема да бидат ваши регрути, било од која партија да се. Нема на тоа да се наседне, сигурни бидете.

Има збор господинот Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

По прашањето на демократијата скоро цел мандат, од прилика три години имав една дилема лична дали да предложам овој Парламент, заради својата одговорност особено во овие моменти за Република Македонија пратениците да се подложуваат на лекарски прегледи. Сега сфатив дека за господинот Стоиле Стојков треба дури и експертски лекарски преглед, иако се е очигледно и видливо. Само како верификација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Муртезани беше спомнат и бара реплика.

**АБЛИ МУРТЕЗАНИ:**

Му се извинувам на претседателството, на вас колеги пратеници и на јавноста на Република Македонија, меѓутоа уште еднаш на претпоследниот дискутант му укажувам. Македонија е моја колку што

е негова и нека не соли таков памет и нека не мисли така. де се борам со сите сили и демократски снаги, моите права да ги добијам и користам. Меѓутоа ќе биде подобро Македонија да биде демократска, ем за Македонците, ем за Албанците, ем за Турците, Ромите, Власите, Србите и секој кој живее во Македонија. Меѓутоа уште еднаш му укажувам Македонија не е една нива па може да се по- дели. И друго, ја сум сега припадник на еден добар и древен народ, меѓутоа по Уставот на националност а ќе се борам до крај за реализација на моите права, но не спрема меѓународните договори, туку тие изворни права кои ги имате сите вие.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојков е спомнат и бара реплика. (Негодување во салата)

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Тоа е мое право господа пратеници, нарочито од левата страна бидете малку стрпливи, знам дека сте културни луѓе. Јас го прифаќам наполно предлогот на господинот Голубовски, меѓутоа би го проширил малку, па покрај лекарско уверение треба да извадиме можеби и за интелектуална способност, еден тест да направиме исто така, сите пратеници во овој Парламент, меѓутоа и досиејата да се отворат на сите пратеници во овој Парламент кој што како (ве молам сакам да се доискажам, бидете културни малку) и тоа исто го користам со ова проширено што го реков.

Инаку што се однесува, ноторен факт е сите пратеници во овој Парламент треба да знаат, по меѓународно јавно право национално малцинство се вели, односно малцинство. Друго е што ние прифатиме во нашиот Устав националните малцинства да се третираат како националности за замена на она народност што беше во претходниот

Устав. Тоа е втора работа. Се знае дека оваа држава по преамбулата на Уставот на Република Македонија е пред се држава на македонскиот народ. Единствена матична држава ја има македонскиот народ оваа и ние како Македонци сме тие кои треба да се грижиме за правата на нашите браќа и во Грција, но и во Албанија и во Бугарија и во Србија. Ја очекував вие како Албанци, поготово вие господине Муртезани зошто си ја сакате својата нација дека вие ќе се грижите да имаат нашите Македонци да имаат исто толку права колку што има- те вие овде права. Меѓутоа правата се третираат по меѓународните документи и тоа цел демократски свет го прифаќа. Повеќе ако барате, јас не верувам дека во Франција да одите дека повеќе ќе ви дадат права.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Јас за последен пат се јавувам и повеќе нема да се јавам за реплика без разлика колку да бидам предизвикан. Меѓутоа, жално е меѓународното јавно право и меѓународните правила да ги искажува и толкува еден несуден што не е ни правник, не верувам. Жал ми е како дозволуваат моите колеги правници, мислам Македонци што не го оспоруваат овој факт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојков бара пак реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Точно е тоа, да потврдам дека досега не сум осудуван, ниеден суд не ме осудил. Меѓутоа морам да кажам дека самиот господин спомна, вели ние ќе бараме повеќе од оние права што ги дозволува меѓународната заедница, односно документите на ЌЕБС, Париска

повелба, Хелсинки итн. Тоа се ваши зборови. За тоа не треба човек да биде, да го совлада доктор на правни науки или ќе биде обичен правник итн. Нема потреба тука. Инаку лесно е да завршите факултет Правен или по француски јазик, да бидете професор во Приштина зошто се знае како завршуваат луѓе таму. Дури имаше еден виц вели доктор на науки станал затоа што крилата на мувата и биле исечени, меѓутоа 15 минути не знаел зошто мувата не може да летне. Едноставно, немала крила.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, сега нема реплики, нели? (Нема). Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Господинот Стоиле Стојков заборави да даде една напомена дека во овој Парламент постои пратеничка група ВМРО-ДПМНЕ. Тој факт зборува дека во таа партија се градат одредени демократски односи и право да се дури приговара со одредена изјава на припадник на таа партија изречена во овој Парламент. Дајте ми пример сега СДС или ПДП па и Либералната партија реплицирала, да се така изразам или приговор дала за одредена изјава од таа партија. Мислам тоа никогаш нема да се случи што зборува дека таму владее некоја војничка диктатура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор господин Љупчо Горѓиевски.

Ние водиме претрес по амандманот на член 9 став 1 за бришење на точка 4 став 2 за додавање нова точка 5, поднесен од група пратеници на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

**ЉУПЧО ГОРГИЕВСКИ:**

Јас се надевам дека сепак ќе се вратиме на расправа по амандманот. Не ме изненадува што се навистина распалија страстите овде во македонскиот Парламент затоа што, како што рече еден од пратениците претходно зборуваме за точката која може да се нарече дека е извор за можни фалсификати на наредните избори во Република Македонија и сигурно е добро да се слушнат многу ставови и мислења од едноставна причина што подоцна кога ќе дојдеме тоа да го спроведуваме во пракса да не ни се случи да речеме дека не сме знаеле или така било и онака било. Овде сега се зборуваат многу конкретни работи. Се работи за многу суштествено прашања, за секој оној кој сака да учествува на -изборите во Републиката и посебно за неговата желба тие избори да бидат до крај чесни избори. Оттука сите овие превирени расправи не се за изненадување, туку сигурно дека се и самите тие во функција на таа расправа.

Ќе се вратам на дискусијата што пред малку овде ја напомнав повторно на некој начин во контекст на министерот за правосудство, господинот Тито Петковски, кој сака да постави некои аргументи на тезите кои ги брани опозицијата за сето време. Тој го наметна ставот, повторно она што беше и од страна на министерот за правосудство, го наметна ставот, доколку во избирачките одбори би учествувале претставници од !најголемите партии во Република Македонија,а тоа се, неколку пати ги повторивме досега ВМРО-ДПМНЕ, ПДП и НДП, СДСМ и ЛП Тоа ќе биде некоја мајоризација на големите партии во Република

Македонија, додека другите партии би се чувствувале неквалитетно застапени.

Јас и пред малку го дадов одговорот на ова прашање. Останатите партии и понатаму учествуваат во контролата на изборното место, учествуваат во контролата на избирачките одбори, меѓутоа со тоа прашање на таков начин го решаваме навистина моментот дека секаква можна манипулација со самите избори ќе биде овде прекината. На ваков начин кога ќе го поставиме во еден избирачки одбор трите или четирите најспротивставени партии да седат зад еден избирачки одбор. Има ли поголема контрола, има ли поголем метод како да се воспостави тотална контрола на едни избори кога на исто место во еден исти избирачки одбор ќе поставите луѓе кои се спротивставени едни на други. Тоа е најдобрата гаранција за сите останати политички партии дека контролата ќе биде изведена до крај. И веднаш на ова прашање се поставува сега контра прашање. Доколку остане вака, јас пред малку тоа прашање го поставив, меѓутоа не ми беше одговорено од страна на министерот.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ**:(продолжение)

До колку овој амандман не се прифати, а се остане со оној закон како што е предложен од страна на Владата, јас навистина би сакал да излезе овде министерот за правосудство и да ни објасни на сите нас во Парламентот и на македонската јавност на кој начин, според овој закон сега што е вака предложен од страна на Владата на РМ, според кој критериум тие тројца претставници во избирачкиот одбор ќе бидат избрани. Еден критериум да ми каже, два критериума да ми каже, три критериума да ми каже. Значи, ако една избирачка единица брои од прилика 12 до 15 илјади гласачи, односно граѓани да ми каже еден критериум според кој критериум тие тројца членови во избирачкиот одбор ќе бидат поста- вени.

Во таа смисла господинот Пановски рече дека има предлог но свој амандман, тоа да бидат луѓе невработени. Јас апсолутно се согласувам за еден .таков амандман и сметам дека тој амандман е кој веќе гради некој критериум. Меѓутоа, сигурно не е доволен бидејќи треба да се постави и некои други критериуми. Ако успее министерот да ми објасни според кои критериуми ќе бидат поставувани тие луѓе во избирачкиот одбор , а пратеникот Томислав Стефковски веќе рече дека повеќе не постојат кадровски листи на социјалистичкиот сојуз, според кои кадровски листи претходно се озваничуваат тие избирачки одбори. Навистина сметам дека ни се должи на сите нас како пратеници да ни се изгради критериум според кој тие избирачки одбори ќе бидат поставени.

Господинот Тито Петковски рече, нешто зборуваше во контекст дали сега ние немаме доверба во тие избирачки одбори, ако бидат поставувани како државни одбори. Тоа е факт, ние тоа не го криеме цело време во Парламентот дека ние немаме доверба во избирачките одбори што треба да се постават од страна на Владата и комисиите како што е

предвидено досега. Таа не е работа за која ние замижуваме. Тоа е факт дека опозицијата нема доверба во тие одбори, како што немаше доверба на првите избори, така ќе нема доверба и во вторите избори. Кој момент нам ни зборува дека ние треба да имаме доверба во тие избирачки одбори. Исто го постави прашањето кои манипулации се можни од страна на тие избирачки одбори. Илјада и една манипулација се дозволени. Секој оној кој учествува во избори многу добро ги знае манипулациите. Меѓутоа, овој пат јас немам намера да зборувам овде и за тактиката како треба да се спроведуваат изборите. Во таа смисла навистина го повикувам министерот за правосудство да ни објасни на сите нас овде, ако остане законот кој што ни е предложен, според кои критериуми ќе бидат поставувани избирачките одбори.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Горѓиевски не ми одговори на две прашања. Првото прашање беше, јас реков фрагматично, еве ако сме ние тие што треба да го составиме избирачкиот одбор, како би го составиле од тие тројца. Требаше да каже од кои партии тие тројца, кога сме пет партии во Парламентот, застапени шест. Молам, бидете конкретни Ако е по таа логика значи три партии треба да делегираат свои претставници. Тие што се поголемите што ги спомнав. Вие тоа не го одговоривте.

Второ да ве прашам. Вие велите дека треба Комисијата во проширен состав да го врши изборот на избирачките одбори. На кој принцип одговорете ми вие барате од министерот и од нас да ви кажеме на кој критериум ќе ги делегира државата. Јад ви кажав на кој критериум. Како што нашата Комисија за избор и именувања ни предлага, ова Собрание ќе гласа за нив. Тоа е критериумот.

Ве уверувам, вие се повеќе ни пружате аргументи да гласам за тој предлог од следнава причина: ако 15 политички партии пријават свој кандидат, 5 нека бидат, еве 6 нека бидат имаше најмалку 10 до 13 кандидати од Скопје. Ќе се состанат ли тие сами да утврдат избирачки одбор од тројца членови. Јас ве уверувам, нити од ВМРО, нити од СДС, нити од ПДП ќе влезе претставник. Бидејќи тие ќе ги бират на демократски принцип, ќе треба да кренат рака сите кандидати таму што се делегирани од партиите кои од нив само тројца да влезат во избирачкиот добро. Ве уверувам дека ниеден од ВМРО, ни од СДС ни од ПДП нема да влезе, бидејќи сите ќе бидат против големите партии тоа е совршено јасно. Ако ми кажете на кој критериум, еве ќе гласам за амандманот.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Прво сакам да истакнам дека по Уставот, ниту по законот никаде не пишува големи и мали политички партии. Сите политички партии се еднакви пред Уставот и пред Законот. И тоа сакам да го кажам дека овие избори не се партиски избори, тие се државни избори, за избор на највисоките органи на државата, кои ги има државата. Сега на прашањето поставено по кој критериум ќе бидат избрани избирачките одбори. По слободно убедување на изборната комисија која ќе оцени дека тројцата членови треба успешно да ја извршат следната работа од членот 16. Избирачкиот одбор непосредно раководи со гласањето на изборите и отповикувањето, обезбедува правилност и тајност на гласањето и го утврдува резултатот од гласањето на избирачкото место. Ако вие не сте задоволни од правилната работа на избирачкиот одбор, вашиот повремен состав има право да води сметка за законитоста на вршењето на изборите. До колку се чувствувате загрозени за остварувањето на избирачкото право, тогаш ви следи постапката која ја предвидува Законот, а тоа е во рок од 24 часа, 48 часа да покренете

постапка пред Општинскиот суд пред Врховниот суд итн. Никаде не стои дека со овој закон што го нуди Владата не се обезбедува законитоста во извршувањето. Стои до колку некој погреши во инстанционата надлежност на надлежните органи по хиерархиската поставеност да се утврди вистината. Дали некој орган го повредил законот, или не го повредил законот.

На крајот сакам и тоа да кажам. Неостварлива е тезата затоа што до колку се јават 30 политички партии со свои кандидати, не постои во правото лева, десна и на центар страна, туку постои постапка утврдена со закон. Вашиот амандман не спроведува постапка не нуди постапка за да може да се конституира кој избирачки одбор.

Не нуди критериуми нити постапка за остварување на конституирањето на тој орган. Затоа сметам дека ваквиот амандман е беспредметен и не може во дадената номотехника како што е напишан да се избере и конституира.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Ќе им одговорам и на двајцата дискутанти. Ако добро го разбрав и ако добро го цитирам господинот министер за правосудство, тој рече дека изборната комисија по слободен избор ќе го избере избирачкиот одбор, кој е способен да ја извршува својата задача.

Сега господа пратеници вие кажете ми, ако избирачката комисија е составена од Социјал демократскиот сојуз, а по правило тоа се секаде така, кој се тие луѓе во избирачкиот износ што таа комисија ќе ги избере по слободен избор. Ако ми одговорите на тоа прашање се ќе ми биде јасно. Јас да ви кажам ако некаде се случи во било која општина избирачката комисија да биде составена од -"ВМРО-ДПМНЕ , јас сум сигурен дека сите тројца луѓе во избирачкиот одбор ќе ги постави од ВМРО-ДПМНЕ, затоа што е тоа наш партиски интерес.

Меѓутоа, исто така верувам дека ако избирачката комисија е составена од членови на СДС слободниот избор, таканаречениот слободен избор на независни граѓани ќе биде од членови на СДС. Меѓутоа , правилото ни зборува дека таквите избори се 90 према 10% за СДС према другите партии токму од тие причини што веќе зборувавме заради континуитетот и наследството на тие избирачки одбори.

Меѓутоа, самото тоа зборува дека повторно шпекулираме и употребуваме некакви термини недефинирани, слободен избор, не-зависни граѓани. Дајте да не зборуваме веќе за демагогија. Кој е тој слободен избор. Каков е тој слободен избор кога сите ние знаеме дека имаме една или друга симпатија кон партијата. Зборувам* за независни граѓани. Кои се тие независни граѓани во РМ. Таква категорија ми се чини повеќе не постои и не треба да зборуваме за демагошки работи.

Господинот Тито Петковски рече кои се партиите и го стеснува изборот на три. Ако добро го прочитаме претходниот за- кон ќе видиме дека во изборите избирачките одбори се составени од 6 луѓе. Тројца во првиот состав и тројца нивни заменици. Значи во секој избирачки одбор има простор за шест партии. Јас сум сигурен дека шесте партии кои ќе конкурираат за најдобри места во наредните избори ќе има за секој од тие места по едно место во избирачкиот одбор, а оние партии кои ќе останат вон парламентарните партии имаат свој простор во контролата на избирачките места. Тоа е нешто што е најблиску до дефиниција на избирачкиот одбор. Луѓе, претставници со дефинирана политичка заднина. Се додека избирачкиот одбор не го дефинираме политички што треба да претставува, се додека .оставаме простор за вакви терминолошки шпекулации, слободен избор, независни граѓани, се дотогаш се знае што ќе имаме. Алтернативата што господинот Тито Петковски не ја кажа вели што ако најголемите партии влезат во

избирачкиот одбор. Која е алтернативата на тоа. Алтернативата е или трите најголеми партии да влезат во тој избирачки одбор, наместо алтернативата само СДС да биде во тој избирачки одбор. Ми се чини дека сепак оваа алтернатива е подобра и оваа алтернатива нуди многу поголема гаранција за едни избори , од колку во тие избирачки одбори да имаме само членови на една партија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Или не се разбира или погрешно се интерпретира законот. Во член 16 став 3 стои дека избирачките одбори имаат три члена. Секој од нив има свој заменик. Според тоа, не е од 6 члена комиси- јата односно одборот, туку е од три члена. Ако едниот отсуствува од тие тројца другиот го заменува.

Ве молам тоа е домашен есап, ако се соберат 15 партии кои кандидираат свои претставници, тие треба да изберат тројца членови, еве нека бидат и 6, како ќе гласаат ли? Ние не добивме одговор на тие прашања. Ќе гласаат ли членовите што се во проширениот состав на изборната комисија, за тие три еве по ваше мислење шест. Треба да гласаат да ги изберат тие 6. И токму ќе ги из- берат од ВМРО-ДПМНЕ од СДС и од ПДП. Како да не. Ќе си изберат што е нивен интерес. Затоа што биле големи партии малите ќе дадат овие партии да имаат свои членови а малите да немаат. Нема мали и големи партии. Сите се рамноправни и сите конкурираат на изборите да победат. Според тоа, нема логика да се брани овој амандман ве молам.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

И покрај тоа што не учествував, односно не бев присутен да ја следа целата дискусија, околу овој амандман, што очигледно траеше долго, сепак со цел да се помогне, Владата е спремна да го прифати амандманот во оној момент кога ќе се каже еден пример на една држава, било каде, каде што избирачките одбор не се формираат од страна на државните органи. Кажете една држава, еден пример и во истиот момент Владата е спремна тој амандман да го прифати. Еден пример кажете бидејќи велите дека тоа е правило во демократски држави итн., само еден пример каде што избирачките комисии, избирачките одбори не се бираат и формираат од страна на државните органи, туку по некоја ат хок процедура итн.

Од друга страна овој изборен закон не се прави за го- леми и за мали партии. За него сите партии и сите кандидати треба во изборната постапка да бидат еднакви. Така да , тезата дека тоа треба да се даде можност :-:а поголемите, на помалите партии е нешто што ќе ја наруши објективноста и чесноста на изборите. Едноставно тоа не може да биде критериум за претстојните избори, големи и мали партии. Сите партии мора да бидат еднакви пред законот и во изборната постапка. Што значи ако има еден таков пример, Владата го прифаќа амандманот, ако нема таков пример Владата не го при- фаќа амандманот.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сведоци сме два дена на расправа по повод донесувањето на овие три закони, а денеска расправаме само по амандмани цел ден н тоа поднесени од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Јас ги разбирам насојувањата и желбите на оваа пратеничка група да се донесе закон по мерка на таа пратеничка група и партија, но не разбирам зошто се нема во предвид дека за таа работа треба 61 глас на овој Парламент.

Ако е тоа така, ако со поднесените амандмани, ниту се подобрува текстот, ниту содржината, ниту се воведува некоја поголема демократија и чесност во изборната постапка, јас незнам зошто е теророт кој се спроведува овде цел ден со два три амандман

Сметам дека нервозата која е очигледна во пратеничката група, заради тоа што веројатно после ова ќе следи иницијатива за предвремени парламентарни избори, не треба да биде причина да не се разговара во овој парламент со смирен тон и вистински ако се сака да се помогне, да се донесат закони кои ќе бидат во функција на спроведување на чесни избори кој ќе бидат еднакви за сите партии и кои се во овој момент во Парламентот и кои се надвор од Парламентот.

Инаку барањата овој закон да биде во функција, да им се овозможи на големите партии да профитираат од изброите, не кореспондира со зборот демократија. Јас незнам од каде страв по повод овој амандман би сака да кажам, од каде страв во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека избирачките одбори ако бидат вакви ќе бидат онакви и слично, кога избирачките одбори формирани од времето на комунизмот им овозможија да имаат најголем број пратеници денес во Македонскиот Парламент. Уште повеќе бидејќи беше кажано дека има над 100 илјади членови , верувајте дека било кого да бирате во избирачки одбор во оваа Република, ќе биде член на ВМРО-ДПМНЕ; и нема причина да се има страв, ако е навистина дека има над 100 илјади членови . Ако не е, тогаш едно се кажува а се има страв од нешто друго.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Факт е дека на оваа говорница премиерот на Владата, господинот Бранко Црвенковски изнесе некоја теза да се наведе барем една држава во која што избирачките одбори не ги формира и не ги избира државните органи. Јас би прашал сега обратно. Во која држава господине Бранко Црвенковски се носи ваков закон по итна постапка, да ми наведете барем една држава, ако има, освен во бившиот распаднат Советски Сојуз. И таму прашање дали има. Тука некој сака да ми докаже дека има и во Албанија. Жалосно ако сега дојдовме како дражва РМ да се споредува со една бивша Албанија. Зборувам за Албанија комунистичка.

Мислам споредувањето со друга држава во овој Парламент не доликува не само на премиерот, не доликува на било кој член од Парламентот. Ние треба да си ги гледаме работите во нашата држава. А спомнување на било која држава на оваа иста говорница носи нереди, а исто така и последици. Мора да бидеме малку внимателни во своите искажани зборови во однос на другите држави.

XIII/1. -СС/МЛ

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Но, што нема држава чиј систем може да се спореди со нашиот, точно дека нема, бидејќи од тие мали држави, бивши, таканаречени минати комунистички земји и ние сме една од тие останати. И, сигурно таа е единствена земја оваа нашата што сака да се спореди, да повторам, со друга земја.

Уште еднаш апелирам до секој, најмногу до членовите на Владата да не провоцираат овде да наведуваме држави.

Нормално е дека и државните службеници е остаток на претходниот систем. Сигурно не можат тие, до сега државни органи, ангажирани во работата на досегашната или претходната Влада да се изменат преку ноќ. Јас не апелирам тоа да се изврши преку ноќ. Нормално, останувaат и понатаму да си ја вршат својата работа. Веројатно има и меѓу нив чесни вработени, функционери кои што веројатно не сакаат сега да се чувствуваат определени симпатизери кон некоја партија што настанале после новиот систем. Но, факт е дека секој граѓанин има право да се сомнева на резултатите од изборите. До- колку се настапи така како што настапи последниот дискутант, што рече, да не го спомнам името, и веројатно ќе сака да ми реплицира и може да ми реплицира, има право граѓанинот, ама колку сака Алил Џаферовски, господин, да не уверува, граѓанинот и мојот прв комшија ќе се сомнева бидејќи ситуацијата е ваква. Моменталните не- реди, социјалната структура, моменталната социјална положба сега, на секој граѓанин во Македонија,тоа е факт и вистина. Вистина е дека граѓаните се плашат да излезат и на избори, а не да се плашат од 100 илјади симпатизери членови на партија. И тука треба малку да се воздржуваме кога нудиме" некои и сакаме да излеземе на пред- времени избори, да ги заплашуваме граѓаните да излезат.

Исто така, кажете ми во која држава, не мора да излегувате на говорница, само размислете самите, во која држава постојат 20-30-50 партии што излегуваат на избори? Во најдемократски- те држави, се знае излегуваат 3-4. Затоа, нормално ќе има шест и четири членови во одборите. Тоа е најнормална работа. А, ние што со два милиони жители сакаме да имаме 20-60 партии, па ве молам, нека има тогаш и 60 членови на изборните комисии.

Тоа е факт. Америка, Франција, земете по 150 години се со традиција во изборите а има три, велат дека имаат три партии што кандидираат. Ние најмалку треба сега да мислиме за оние партии што не се застапени во овој Парламент. Ова се партиите што тука делуваат. Тие ја имаат власта во Собранието. Нема што ние да мислиме. Тие ќе дојдат на поправен испит, ве молам. Затоа се изборите. Секоја партија си доаѓа на поправен испит. А, може да има и друга партија која не е застапена, ве молам, наредните избори ќе си дојдат на место на едната, третата партија или на место на еден или друг независен кандидат.

Само толку, благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Ханџиски.

Процедурално бара збор господин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Имаше денови кога беше и по десетина степени надвор поладно времето, господинот 'претседател заради вруќина ги прекинуваше...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, имате ли предлог...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Барам, предлагам да се прекине седницата поради оваа неснослива горештина и да продолжиме во текот на утрешниот ден.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има уште тројца пријавени по овој амандман кои бараат збор.

Дали да продолжиме утре?

Еве, се пријави уште еден, така што има уште четири дискутанти, господинот Арсов е четврти.

Не, не сега, (господинот Арсов станува и сака да земе збор) чекајте, чекајте малку да се договориме.

Ве молам, навистина е многу жешко овде. Дали се согласувате со предлогот? (Се согласуваме).

Добро, денеска прекинуваме со работата, а утре продолжуваме со работа во 10 часот.

Значи, утре во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,15 часот).

**ЕФТИМ АНЧЕВ:(**Продолжение)

За економските проблеми во земјоделството, се разбира беше добро кажано,дека тие се само дел од вкупната економска ситуација. Во државата земјоделието не може изолирано да се посматра од вкупниот економски живот, меѓутоа само би сакал да кажам, не држи дека премиите не ги добиваат земјоделците, индивидуални, апсолутно не држи. Од оваа говорница сакам да кажам дека оваа година премиите прво ги добија само индивидуалците. Тоа е апсолутно точно бидејќи премиите ние ги распоредуваме. И, при еден прилив на пари, мал, од Буџетот ние предимство даваме само на индивидуалците, така што најголемите комбинати сеуште немаат дури ни денар земено од премиите.

Исто така, сакам да кажам, не би можел сега овде тоа претерано да го елаборирам, не држи дека оваа Влада ги штити комбинатите и дека води политика за комбинатите. Мислам дека со неколку потези јасно е докажано од оваа Влада дека стои, безрезервно, на апсолутно поддршка токму на приватните фармери на нашето селанство.

Меѓутоа, можностите се такви какви што се.

Еве благодарам и уште еднаш ве молам информацијата да биде прифатена.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по проблематиката што беше на дневен ред.

Водејќи сметка за концентрацијата на вниманието во салава и бројот на присутните пратеници, за времето во кое работиме, без прекин 4,5 часови, а имајќи предвид и тоа дека во меѓувреме пристигнаа и амандмани и предлози за дополнување на Предлогот на заклучоците што битно ја менуваат и структурата, ја подобруваат и бараат

разгледување уште еднаш од страна на Комисијата или од Владата, предлагам седницата да ја прекинеме денеска,да продолжиме во вторник во 10,00 часот, на 14 овој месец со гласање по Предлогот на заклучоците предложени за оваа проблематика.

Дали се согласувате со предлогот? (Се согласуваме).

Констатирам дека со ова ја прекинуваме седницата.

(Седницата прекина со работа во 16,35 часот).